**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шестото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Трифун Костовски, Нецдет Мустафа, Зоран Шапуриќ, Хисни Шакири, Љупчо Мешков, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓеоргиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Сашко Кедев, Никола Груевски, Ѓорѓи Оровчанец, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Иван Стоиљковиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по 26 точка - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејства, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете Госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, претставници на Влада,

Јас сосема на кратко ќе го изнесам своето видување по овој Предлог-закон, а претходно да искажам еден протест што овој законски проект оди во скратена постапка, бидејќи јас апсолутно не се согласувам со скратена постапка на овој многу чувствителен закон и апелирам до министерот уште едаш да размили, да го повлече Предлогот, да оди само Предлогот за донесување, измени и дополнувања, а во

втора фаза да расправаме по текстот на измените и дополнувањата. Од кои причини го предлагам тоа, ќе се види во самата расправа.

Законот за семејство кај нас е една кодифицирана материја која веќе десетина или 12 години егзистира и функционира во Македонија и тој период е доволно долг за да покаже и потреба од поголеми дополнувања и измени, со оглед на новите текови кои се случуваат во Македонија, со оглед на прилагодувањето на нашето законодавство кон европското законодавство и почитување на она што значи европски конвенции, во сферата на семејното право.

Измените кои се предложени се околу 30-тина членови кои се изменуваат и некои 40-тина нови. Ако го погледнеме вкупниот број на членови, можеби како бројка не изгледаат многу, меѓутоа со оглед на тоа што се новините кои се воведуваат на овој план, јас навистина мислам дека е потребно да се отвори една поширока расправа на овој проблем, да се слушнат мислењата на стручните лица кои се занимаваат со оваа проблематика, да се запознае и јавноста повеќе за новините кои се воведуваат, поготово во сферата на семејното насилство кое за прв пат го регулира семејното право и новите начини, односно новите постапки во сферата на освојувањето.

Измените кои се предлагаат се лоцирани воглавно на три пункта. Тоа е околу односот на родители и деца, во сферата на посвојувањето, со промени на судските постапки и секако една голема новина, тоа е регулирање на семејното насилство.

Во првиот дел околу односите родители-деца, во вчерашното излагање министерот кажа дека сите тие одат во правец детето да го направиме од објект што до сега беше, во сегашната регулатива, во субјект, при реализирање, пред се, на неговите права и интереси. Јас потполно се согласувам со ваквата интенција на предлагачот дека детето од објект мора да премине во субјект, односно да се почитуваат неговите мислења и неговите потреби и желби. Меѓутоа, во членот 13 од Предлогот, од измените, вели дека Центарот за социјални работи може да донесе решение со кое на родителот кој подолго од три месеци не дава издржување на детето, ќе му се ограничи правото да одржува личен однос и непосредни контакти со детето, се додека не ги изврши обврските спрема детето. Можеби тоа кога се внело во измените, се гледало низ призмата на интересот на детето односно да ги добие материјалните средства кои му се потребни после разводот на бракот, оној ордител кој не се грижи, на кого не му е доверено детето, секако има законска обврска да дава средства за издржување на детето. Ако се гледани од тој аспект измените, во

ред е, да го натераме другиот родител да ги намири своите обврски, материјални пред се, спрема детето. Меѓутоа од аспект на очекувањата на детето, јас мислам дека овде правиме голема грешка, затоа што со казната која ја предвидуваме, дека родителот нема да контактира со своето дете, ние всушност го казнуваме детето. Дали размислуваме кои се мислите и кои се желбите на детето во еден разведен брак. Дали, ако му го ускратиме контактот на детето со другиот родител, на некој начин не го казнуваме самото дете. Ако подобро ги изанализираме работите ќе видиме дека секое дете чии родители го развеле бракот, сонува и се надева дека еден ден неговите родители ќе бидат повторно заедно. И ако сега воведеме норма со која поради неисполнување на материјалните обврски на родителот му го скратуваме правото да контактира и со детето, јас мислам дека вршиме директен атак врз детето, односно дирекно казнување на детето што, верувајте, се многу чувствителни кога бракот е разведен и кога останува да живее со едниот родител и повремено контактира со другиот родител. Јас уште еднш предлагам на предлагачот да ги уважи овие мои размислувања. Токму затоа барам овој Предлог за измени и дополнувања на Законот за семејство да оди во две фази за да можеме повеќе да ги изанализираме ваквите работи. Јас не тврдам дека предлагачот не одел во правец на подобрување во оваа сфера, меѓутоа еве токму на оваа точка не се согласувам со предлогот на министерот дека треба да го казниме родителот затоа што индирекно го казнуваме детето. Тоа би било околу оваа одредба.

Во втората сфера, околу измените што се предлагаат во посвојувањето, таму ценам дека во постапката за посвојување, се внесуваат едни новини кои во позитивна смисла ќе ја подобрат оваа сфера, односно со воведувањето на комплетна евиденција на паровите кои бараат посвојување, како и на децата кои чекаат вдомување во друго семејство, со воведување на комплетна евиденција на целата Република и со воведување на комисија која ќе го цени посвојувањето, односно која ќе цени за одлуката за посвојување, во склоп на Министерството и исто така второстепеност на постапката, јас мислам дека ќе се елиминираат многу појави од типот на малверзации или некои нерегуларности кои често пати се појавувале во оваа сфера затоа што со досегашното законодавство на директорот на Центарот му беа дадени многу субјективни права. Тој беше тој што ја формираше комисијата за посвојување а потоа комисијата предлогот за посвојување го даваше на директорот. Тука имавме еден магичен круг. За жал, јас немам евиденција, меѓутоа од она што во медиумите сум го слушнала, многу често имало обиди да се направат некои

малверзации во оваа сфера. Мислам дека со новините сега, со новите предлози, ќе ги елиминираме таквите можности, односно постапката ќе ја ослободиме од субјективизам и ќе имаме многу посолидна и потранспарентна постапка при посвојувањето. Исто така ќе им се даде можност на сите, значи на територијата на цела Република, од регистарот што ќе се води да можат да посвојат деца. Инаку беа затворени во центрите на локално ниво, така што оние од помалите места немаа многу можност, или имаа можност, меѓутоа тие постапки траеја подолго, за да посвојат дете. Значи, јас тој дел во измените навистина го поддржувам и мислам дека ќе внесе добри новини.

Сега јас нешто повеќе би зборувала за третиот дел со најголеми новини кои се однесуваат. Тоа е по однос на семејното насилство.

Ние како држава, за жал, прв пат во областа на семејното право ќе ја регулираме оваа појава која се провлекува долги години и како појава веќе е лоцирана и добива се поголем замав во нашата држава. Кои се факторите јас не знам, меѓутоа мислам дека состојбата во која се наоѓа државата, како што се економската слабост, невработеност, сиромаштија, предолгата транзиција и тн., уште повеќе ја зголемуваат оваа појава за која долго време воопшто не се зборуваше или многу малку се зборуваше затоа што семејното насилство е една многу лоша и тешка појава за која често жртвите не сакаа да зборуваат од причини од страв дека повторно ќе бидат казнувани или ќе бидат осудени од поширокото семејство и заедницата во која живеат. Најчесто жртвите чивствувале дека се причинители на гневот на насилникот. Тука би кажала дека во најголем број случаи жртва на семејното насилство е жената. Меѓутоа не е само таа. Во последно време многу често, секундарни или индиректни жртви на семејното насилство се и децата како и сите оние луѓе, пред се старите луѓе, родителите на насилникот, или на жената, кои живеат во иста семејна заедница. Тоа е појава која не е само во Македонија. Таа појава е многу широка и во другите земји. Ниту Македонија не беше изолирана од ваквата појава. Мене навистина ми е драго што еве ние се обидуваме, заправо тоа е еден добар предлог да го регулираме тоа. Притоа да спомнам дека за прв пат и во Кривичниот закник беше регулирано семејното насилство и му беше укажано на насилникот дека неговото поведение е криминогено и дека следува казна за семејното насилство. Меѓутоа ние како држава би требало многу повеќе да сториме на планот на превенцијата да не дојде до семејно насилство. Јас навистина сакав овој предлог да оди во една поширока дебата, бидејќи семејното насилство е

една чувствителна сфера, па мислев дека преку една поширока дебата во јавнста на некој начин повеќе ќе извршиме сензибилизирање на друштвото, на нашата држава за ваквиот проблем и појава што на сите добро ви е познато дека навистина зафаќа големи размери, дури дневно се зголемува семејното насилство во било кој облик, дали е физички, дали е психички, економски, материјална зависност и тн.

Овде во предлогот што ни е даден многу прецизно е дефинирано семејното насилство. Јас навистина тој член го поддржувам и имам позитивно мислење за точната дефиниција и точното лоцирање кога и во кои случаи се работи за семејно насилство. Тоа е една појава која го разорува семејството, а со разорување на семејството како една основна клетка на општеството, индирекно го подрива целиот општествен систем односно ја подрива државата. Имаме некои податоци, колку се точни јас не можам да тврдам затоа што долго време немавме статистички податоци колку е раширена оваа појава. Сега веќе во последно време се појавуваат некои бројки и се вршат доста испитувања за семејното насилство. Невладиниот сектор доста ги запознал овие појави, ни пласира доста податоци. Меѓутоа тоа е една сфера, интимна и затворена во семејството, така што општеството не може многу да продре таму и да ги имаме точните податоци. Меѓутоа велам дека секоја втора или трета жена е жртва на семејно насилство од некаков тип, дали физички или психички. Тоа е една страшна појава и мене навистина ми е драго што ја внесуваме сега во нашето законодавство, што државата на еден формален начин сака да ја регулира оваа појава заедно со Кривичниот закон и мислам дека барем ќе го сензибилизираме општеството за постоење на такво нешто, ќе му посочиме и на насилникот дека неговото поведение е криминогено, за што следи, секако, казна, следи негова изолација и некои идни активности би требало да одат во сфера на превенирање, да не дојде до такво семејно насилство и во сфера на отварање на семејството кон оваа појава на излагање на жртвата за признавање на насилството, а не затворање во сферата на семејството, во сферата на интимата и понатаму жртвата да го трпи насилникот.

Јас толку би имала околу овој Предлог за измени и дополнувања, со уште еден апел министерот да размисли овој закон да оди во две фази а не во скратена постапка. Така, јас мислам дека ефектот ќе биде далеку подобар и ќе дојдеме до многу подобри решенија, а истовремено преку расправата која ќе тече ќе го сензибилизираме општеството токму во сферата за семејното насилство во новините во посвојувањето, јас мислам дека тоа ќе биде позитивно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Лалчевска.

Збор има пратеникот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван господин претседател, почитуван господин министер, почитувани колешки и колеги,

Пред нас имаме закон, измени и дополнувања на Законот за семејство и би сакал да го кажам и мојот став по овие промени.

Семејството како специфична и универзална распространета општествена група, претставува најтраен облик на заеднички живот на луѓето. Семејството врши голем број општествени функции и претставува основна група, како што беше пред малку кажано, задоволувајќи разновидни индивидуални и општествени потреби. Тоа не е статичен општествен феномен, туку подлежи на законите на промени.

Семејството претставува една институција која се менувала историски, ги менувала своите форми, се менувале интер семејните релации и тоа ако не паралелно со општествените промени, тоа сепак се случувало со извесни задоцнувања, но сепак промени имало и тие промени биле понекогаш помали, понекогаш биле револуционерни би рекол. Ние денеска сме изложени пред таква ситуација на семејни промени кои треба неопходно да предизвикаат соодветни измени и дополнувања во семејното законодавство.

Во таа насока ги гледам овие измени и дополнувања што ни се предлагаат со Законот за семејство кој е донесен пред 12 години, како што беше спомнато, за овие години беа констатирани одредени слабости и пропусти, би рекле недоречености во оваа регулатива, а од друга страна имајќи предвид дека треба да го усогласуваме нашето законодавство со европското семејно законодавство и можноста да се унифицираат и имплементираат одредени принципи и правни решенија на европските конвенции се предложени овие измени и дополненија на овој закон.

За Предлогот на законот и на комисиската расправа беа искажани пофални зборови, а сега малку сум изненаден од излагањето на колешката, затоа што пофални зборови беа кажани и од претставниците на опозицијата и од претставниците на позицијата.

Со овој предлог, според мене, се дорегулираат главно три групи прашања:

Едното е во врска со правата и третманот на децата и тие од објект треба да станат субјект. Тоа се предлага во членовите од 6 до 12 како би се усогласило

нашето законодавство со Конвенцијата за правата на детето. Новата регулатива, односно промените се однесуваат на тоа за да се отстранат пречките кои во практиката се покажаа како причина за нереализација на контактите меѓу родителите и детето. Тука како спорно, по мене, сепак може да се причини решението во членот 13 од Предлогот, каде родителот кој подолго од три месеци не плаќал издршка за детето, ќе му се ограничи правото да одржува лични односи и непосредни контакти се' додека не ги изврши обврските спрема детето. Со тоа, на некој начин, се ограничува правото на детето да одржува лични односи со родителот.

Другото прашање што го регулира овој закон се извесни новини во постојувањето. Тука, според мене, се извршени значајни измени во општите услови и засновање на посвојувањето. Во Законот се предлага засновањето на посвојувањето кое до сега се остваруваше во центрите за социјална работа и во Центарот за социјална работа, него го врши комисија за посвојување формирана од Министерството за труд и социјална политика како првостепена постапка, односно Владата на Република Македонија како второстепена регулирано со членовите од 16 до 32. Бидејќи се предвидуваат многу високи стандарди при формирањето на Комисијата, оценувам дека ќе се има воедначена примена на институтот - посвојување во целосна заштита на децата без родители и родителска грижа и остварување на нивните права на семејство и хармоничен дом.

Во исто време, таквите одредби коинцидираат со Европската конвенција за посвојување. Со Законот исто така се регулирани горната граница на старост на посвоителите и посвоениците, либерализација на годините на старост на посвоителите кои оосвојуваат дете со пречки во развојот, воведување на регистри за посвоители и посвоеници, можност детето да им биде одземено ако е тоа во неков интерес и тн.

Третиот комплекс е во регулирањето на односите во семејството и што е новина во нашето законодавство и што треба посебно да го истакнеме е третирањето на проблемот на семејното насилство. Проблемот на семејното насилство до сега не го привлекуваше вниманието на општествената и научната јавност во Република Македонија освен во случаи на брутални убиства извршени во кругот на семејството за кои јавноста беше информирана преку средствата за масовна комуникација.

Меѓутоа, со хуманизација на општествените односи и зголемувањето на обемот на човековите права и лични слободи се забележува поместување на овој план и во последно време се зголеми интересот за семејното насилство, оваа појава стана повидлива, па се појави потреба тоа и законски да биде нормирано. Основните карактеристики на семејното насилство во нашата држава би можеле да ги окарактеризираме на следниот начин:

Прво, овој проблем во Република Македонија беше маргинализиран, не постоеше интерес за него да се следи и проучува па не се знаеше во колкав обем постои и какви последици остава. Не постоеја никакви официјални и статистички податоци, бидејќи појавата не беше инкриминирана, но тоа не беше регистрирано ни од центрите за социјална работа. Речиси немаше никакви емпириски сознанија, бидејќи немаше ни научни проучувања кои би ја пополниле празнината од официјални податоци и би обезбедиле солидна основа да се сфати појавата во нејзината суштина.

Недоволна правна покриеност односно во нашето законодавство инкриминација на семејно насилство не постоеше како посебно кривично дело. Исклучок беше кривичното дело силување во брак со тоа што можеше да се гони по приватна тужба, а не по службена должност. Отсуствуваше формална реакција, на него не реагираа ни службените органи, но ни другите државни органи кои во случај на семејно насилство се однесуваа резервирано како да е во прашање приватна работа, а не кривично дело.

Тоа е согласно општо прифатениот став за приватниот карактер на случувањата во домот, па дури и кога е во прашање насилство.

Појавата семејно насилство за прв пат се регулира во нашата земја, па насилниците било кои да се им се става на знаење дека таквото однесување е недопуштено и дека семејното насилство е казниво. Токму третирањето на овој проблем и уредувањето на мерките за заштита на семејството од семејно насилство не приближува кон европското законодавство.

Имајќи ја предвид нашата традиционална матрица на уредување на односите во бракот и семејството и положбата на жената во нашето семејсдтво до сега вакво прашање главно не се поставуваше. Според некои студии што се правени за нешето семејство, жената која најчесто беше субјектот кој ги трпеше последиците на насилството не сметала дека и се прави голема неправда, дури изјавите ако ме тепа, ме тепа мојот маж, биле најчести. Зошто тоа било така на сите ни е познато,

главно резултат на историски заснована нееднаква положба на сопружниците, односно подредена положба на жената во однос на мажот.

Меѓутоа, времињата се изменија, насилството од било кого се оценува како нехумано и неморално и казниво дело. Проблемот повеќе не може да се маргинализира и неопходно е законски да се регулира. Со тоа би се постигнало одредено превентивно делување, би се укажало дека насилничното однесување е неоправдано и казниво. На тој начин би се обезбедило одредена заштита и безбедноста на жртвите од семејно насилство.

Освен тоа, на овој начин нашата земја ги исполнува меѓународно пропишаните стандарди предвидени со Конвенцијата за елиминирање на сите форми на насилство врз жените и Декларацијата за елиминирање на насилството на ООН, како и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Во исто време, тие се во согласност со платформите за акција на светските женски конференции, како што беше Хелсиншката платформа за акција и во склад со неа, Националниот план за акција на Република Македонија.

Во Законот се спомнува, а и овде, се дава дефиниција, има повеќе дефиниции за семејното насилство, но по мене би можело да биде, имајќи ја предвид дефиницијата со која оперира европската наука и законодавство, сметам дека би можело да се дополни таа дефиница која под семејно насилство подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство, со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема брачен другар, родителите или децата, или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница, или заедничко домаќинство, како и според поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Семејното насилство може да се прави во разновнидни форми и за тоа се предвидени различни кривични дела. Така постојат кривични дела против животот и телото, кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, кривични дела против половата слобода, половиот морал и тн.

Најопшта констатација што би можеле да ја извлечеме за семејното насилство во нашата држава е дека неговите корени и опстојувања се наоѓаат во традиционално уредените брачни и семејни односи со јасно изразени семејни улоги

кои го определуваат и родовиот идентитет во таа смисла. Во градењето стратегија против него ќе помогне, според мене, донесувањето на овој закон.

Во таа смисла пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи донесувањето на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Збор има госпоѓа Андова, а нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

АНА АНДОВА:

Благодарам почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата и особено моето почитување спрема присутните колеги и колешки пратеници.

Дозволете ми накратко да искажам неколку општи забелешки во однос на духот на законот.

Од времето кога беше донесен овој закон 1992 година постојано се случуваат одредени промени во општеството кои имаат свој одраз, своја рефлексија врз развојот на семејството како институција. И тоа во однос на улогите, релациите и односите помеѓу членовите на семејството, со еден збор кажано се менуваат постојано интрасемејните односи и тоа се разбира во одредени временски интервали предизвикува одредени импликации на потребна формална реакција, односно осовременување на законската регулатива.

Од досегашната практична примена на законот и искуството од функционирањето на истото и суптилноста на материјата која истиот ја третира, како што претходно кажав, е наложена потребата соодветно да се реагира со иновирање на одредени членови, како и усогласување со одредени европски закони и конвенции.

Ова, особено, тргнувајќи од обврската која ја дава законот, а земајќи го предвид и поставувајќи го за своја основа најдобриот интерес на детето и од потребата и фактички и законски да се заштитува тој интерес на децата во било која смисла да не бидат злоупотребувани, искористувани, малтретирани и повредувани во своето семејство. Таму каде што тоа е најмалку очекувано поведение и каде што е најважно тоа да не се случува.

Со промените кои настануваат во културата на живеењето, со подигањето на свеста и на генерално и на индивидуално ниво настануваат и се чувствуваат промени и во обрасците и во моделите на кои функционира едно семејство. Често

пати самите можеме да се фатиме себеси запрепастени или затекнати од одредени промени скоро невидливо, скоро со огромна брзина се случуваат и затоа за одредени појави во одредено семејство надвор од рамките во кои функционира истото и надвор од конвенционално очекуваното било ерес да се зборува, или било табу тема. Или оние што како нужност или немање на друг излез пријавувале на пример насилство во рамките на сопствдното семејство притоа изразувајќи чувство на вина, заради сопствената традиционално нееднаква улога, положба, статус и третман во сопственото семејство.

Заради занемарувањето, нетретирањето, честото маргинализирање на злоупотребата на семејните односи  затоа и најчесто отсуствувала организирана и конзинстента реакција, формална или полуформална или граѓанска и најчесто жртвите на семејното насилство се континуирано жртви или повеќекратно се случува да бидат жртви. Најчесто незнаат како дејствуваат структурите кои можат да го заштитат или пак да ги заштитат од таквиот тип на насилство или пак ги препознаваат своите права, но немаат доволно информации или доволно поддршка да бараат реализација на истите.

Поради овие причини и официјалните податоци, мислам дека не ја одразуваат сосема точно фактичката состојба и затоа тоа прави оваа општествена состојба да не се отргнува од маргините иако како проблем се одразува и на индивидуалните перформанси и со тоа и на општествените, се разбира, на најопшт план.

Иако имаше јавна расправа по овој закон, многу невладини организации имаа прилика да ги искажат своите ставови и мислења и беше потврдена потребата оваа законска регулатива да се иновира. Сепак, можеби ќе беше подобро да не се расправа во скратена постапка иако причините и целите поради кои овој Предлог на закон го расправаме денес се неспорни во смисла на тоа да се развиваат понатаму процедури формални, полуформални, граѓански на промовирање на суштината на овој закон кој на крајот секако дека би биле во функција на натамона демократизација на вкупните односи во општеството.

Токму заради тоа по прашањата кои ги третира овој закон најопшто речено, еве пак ќе повторам демократизација на односите во семејството како основна клетка на живеењето, меѓутоа, сепак таа клетка трпи одредени промени со цивилизацискиот развиток без разлика на тоа што основите релации остануваат исти, тие се природни и нужно условени, меѓутоа, останатите промени делуваат на улогите, моделите како функционира едно семејство, статусот на поедините членови

во рамките на семејството и функционирањето на семејството во однос на другите институции на општеството, токму затоа треба да бидат предмет на континуирана политичка дебата за да можат одредбите од овој закон да бидат поуспешно имплементирани и истовремено да имаат и превенирачка фукција.

Во таа смисла ги разбирам и поддржувам промените кои ги нудат член 1, 2 и 3 од Предлог законот.

Како што и министерот вчера кажа односно најпрвин ја образложуваше потребата да се смени духот на законот.

Новата Глава ВИ-а која го третира ова прашање - нарушени односи и насилство во бракот и семејството.

Конкретно ќе се осврнам само на еден член, тоа е членот 13 став 1, малку ми е симптоматичен, бидејќи во принцип се согласувам, меѓутоа, најчество обврските ни се исполнуваат не од немарност, туку од реална неможност, не претендирам на некоја статистичка точност, од случаите за кои сум имала прилика да ги гледам, меѓутоа, реална е потребата на децата да ги гледаат своите родители. Таа потреба има одредени психолошки, развојни, психосоцијални импликации.

Мислам дека можеби ова може да се направи во неколку можности, во неколку варијанти, зависно од типот на конфликтите поради кои семејството не е заедно.

Имам одредени конкретни согледувања во однос на неколку члена, меѓутоа нема да коментирам по истите во интерес на времето и расправата по оваа и другите точки, јас и неколку мои колеги поднесовме амандмани, доколку бидат прифатени во ред, доколку не, можеби ќе коментирам понатаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Андова.

Инаку, јас слушајќи ве научив многу нови зборови на пример превенирачка функција и јас превенирачки ќе ја замолам госпоѓа Којзеклиска да се држи до темата да не биде како вчера да ја прекинувам.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господине претседател, дами и господа пратеници, министре за труд и социјална политика.

За да не бидат повторно предупредена од претседателот јас веднаш ќе почнам, ама со критика на министерот за труд и социјална политика од причини што според Министерството со кое раководи господинот министер, овие измени и дополнувања на Законот за семејство не се ниту обемни, ниту сложени и заради тоа Министерството за труд и социјална политика предлага овој закон да биде донесен во скратена постапка.

Ова почитувани колеги, како и претходните дискутанти кажаа дека е крајно несериозно ваков сложен закон да биде образложен или да биде даден во Собранието на Република Македонија како предлог за изменување и дополнување на закон со Предлог на закон. Особено ако се знае дека предложените измени се всушност суштински измени кои ги опфаќаат односите родители - деца, посвојувањето, постапката и новината со која сите се согласивме дека е неопходно потребна да постои во овој закон, а тоа е семејното насилство.

Не смее да се дозволи ваков закон кој длабоко навлегува во основната клетка на секое општествено живеење да помине во скратена постапка и затоа барам и инсистирам до министерот за труд и социјална политика уште еднаш да размисли дали има намера да го повлече законот вака како што е предложен и истиот да оди во две фази.

Можеби со неколку аргументи ќе се потрудам да го убедам министерот, пред се', поаѓајќи од фактот дека основната, како што реков, клетка на живеењето која е определена и во Уставот на Република Македонија, а истовремено ја чувствува и целокупната тежина на живеењето во Република Македонија е токму семејството го става него како носечки столб врз кој паѓа најголемиот или целиот товар од денешното наше опстојување.

Односите помеѓу членовите на семејството се регулираат со правни и со морални норми, што само по себе зборува за значењето на семејството во заедницата и во општеството.

Од друга страна, во современото семејство бројот на членовите е намален, во споредба со семејствата пред 20, или пред 50 години, со што се намалени нивните функции, така што се е сведено на минимум, а за жал можеме да констатираме дека постојат одредени групи, кои тешко можат да се наречат дека се семејство, токму од односите кои произлегуваат внатре. Ова се јавува, почитувани колеги, јас верувам дека сите ќе се согласите со мене, како резултат на напорите, родителите економски да можат да го издржуваат своето семејство и да обезбедат услови за живот за нив

и за децата, што пак предизвикува трка по пари, грижа, а грижата и социјализацијата на децата е препуштена на детските установи и во најново време, со оглед на немаштијата која што владее во Република Македонија , таа функција се почесто ја превземаат постарите членови на семејството.

Што се однесува до самото воспитување и родителството треба да се апострофира дека тоа не е дадено така готово, па како такво ние треба како родители да го консумираме, туку тоа постојано се изградува, се надградува, согласно современите текови во општеството, така да иднината , и основната функција на секое семејство треба да биде да се изградат добри граѓани и истите тие да не претставуваат идни жртви или насилници во односите во семејството. Можеби ова најживописно го објаснува Свети Јова Златоус, кој вели дека:" да се раѓаат деца е дело на природата, но да се образуваат и воспитуваат е дело на умот и на волјата".

Согласно тоа што го кажав досега, Законот за семејство треба да претставува една кодифицирана , семејно-правна регулатива со одредена концепциска поставеност и треба да регулира една мошне суптилна, сензитивна материја, со сите специфики што ги содржи во себе.

Тргнувајќи од тоа дека сознанијата дека семејството кај нас како материја е кодифицирана пред 12 години, значи изминат период од 12 години, неопходно е потребно да се изврши согледување на семејно-правната регулатива, прибирање на искуства и знаењето на провесионалните и стручните работници, кои работат на таа проблематика да се утврдат, кои делови од законот да се изменат, пред се, поради промените кои се случуваат во самото семејство, а кои настанаа како резултат на промените во општеството и потребите за усогласување на оваа проблематика со Европското законодавство. Аргумент повеќе за расправа, законот да оди во редовна процедура со предложените решенија во делот на посвојувањето, со кои се вршат значајни измени, како што напоменаа и колегите во општите одредби , условите и самото засновање на посвојувањето и затоа сум туак изненадена од брзината на постапката со која Владата сака да помине овој предлог на закон за изменување и дополнување, а истовремено знаејќи ја тежината и суптилноста на оваа материја која ја регулира.

Што се однесува до семејното насилство чие регулирање се предвидува со овој предлог закон , токму поради вниманието на кое треба да биде посветено семејното насилство, мора истото да биде апсолвирано од сите аспекти, со учество

на сите релевантни фактори, вклучувајќи ги како што кажа г-динот министер во експозето , соработката со невладините организации кои ги таргитираат токму тие делови на семејното насилство и сите треба заедно да учествуваат, како релевантни структури што се занимаваат со оваа проблематика во изградбата на квалитетен закон за семејство.

Јас уште еднаш ќе го праќам г-динот министер дали има намера да го повлече законот од процедура. Ако нема, тогаш да му укажам она што некој од колегите не го апострофираа, токму на она на што се заснова Предлогот за измени и дополнувања на Законот за семејство.

Ќе почнам од членот 3, кој така како што е предложен сметам дека некореспондира со актуелната состојба која следува во Република Македонија , а тоа е децентрализацијата на власта.

Имено, ако гледаме од оваа перспектива неможе а да не биде оваа одредба симптоматична, со тоа што извршната власт на овој начин причините министерот ги има кажано во своето експозе, значи не може извршната власт да решава и за состојбите за усвојувањата. Ќе ви кажам од кои причини.

Прво, сметам дека тоа е концентрирање на моќ во една од сензитивните области, а тоа е посвојувањето , а од друга страна имаме постојани заложби за децентрализација на власта и она што ни следува по периодот од октомври натаму.

Конкретно во ваквото предложено решение неможам да разберам како може постапката за посвојување да ја решава комисија на база на добиен предмет, списи во него. Комисијата можеби најуредни ќе го изврши увидот во актите и документите кои ќе бидат доставени од Центарот за социјална работа, ама можеме да разбереме дека без да се има увид за потребите на детето, личните карактеристики на детето, културните афинитети кои ги има детето, или флуидот кој ќе се јави помеѓу него и посвоителите, сметам дека се занемарени со оваа одредба, токму со тоа што посвојувањето од локално ниво се подига на едно државно ниво.

Според предлогот, значи сета работа треба да ја одработат стручните тимови на центрите за социјална работа, а предложената комисија кога ќе одлучи, за среќа или за жал, зависи од тоа кој колку може да влијае ќе може да одлучи дали посвоителите ќе можат да посвојат дете.

Сметам дека оваа предложена законска мерка не содејствува и со европското законодавство, каде што ваквата постапка, односно постапката за усвојување е

децентрализирана и организирана на локално ниво преку агенции за посвојување, кои имаат одобрение за работа, или лиценца за работа од државата.

Во членот 12 од Предлогот на законот, или членот 13, односно членот 87 од Основниот закон, се уредуваат личните односи помеѓу малолетните деца и нвните родители, кои се во фаза на развод на брак , односно семејна и брачна сепарација.

Имено, и покрај позитивната забелешка дека еволуираме во нашите законски решенија и во прв план го ставаме најдобриот интерес на детето, повторно се нудат законски решенија, кои според мое лично мислење најмалку ги штитат интересите на децата во ваквите постапки.

Впечатокот дека постапката за развод на брак се покренува пред надлежните судови , а постапката за мирење и доверување на малолетните деца по евентуален развод на брак , се спроведува во рамките на центрите за социјална работа како органи.

Одтука, законодавецот во изминатиот период бил свесен дека третирањето на ваквите спорови, кои се од ислучителна важност за самите брачни другари , нивните семејни заедници, па одтаму воопшто и за државата, ценев дека само правниот аспект е премалку во третирањето на семејните односи, па е одлучено ваквите постапки да се третираат во центрите каде што партиципираат профили , кои сеопфатно се ангажирани во надминување на постоечките нарушени семејни и брачни односи, како што се социјален работник, педагог, психолог, правник.

Со понудените решенија сметам дека малку може да се говори за најдобриот интерес на детето, бидејќи се предвидува, како што напомена и некој од колегите дека Центарот може да донесе решение со кој на другиот родител ќе му го ограничи правото да одржува лични контакти со детето, доколку три месеци не давал издршка за детето.

Гледано од правен агол тоа изгледа така. Но дали не треба да се запрашаме , дали тој истиот родител , во оваа социјално економска положба, во која се наоѓаат граѓаните на Република Македонија , знаејќи го бројот на невработените и тие што чекаат да бидат невработени можеби е вработен или чека да стане невработен, или од било кои други објективни и субјективни причини, бил спречен редовно да плаќа алиментација, а истовремено, малолетното дете има потреба од контакт и средба со истиот тој родител , и се прашувам кого ние санкционираме во овој случај . Дали тоа е несовесниот родител, за кого во крајна линија постои законска можност за

покренување на тужба за неисплаќање на алиментација , или пак малолетното дете кое за негов правилен психпофизички развој има потреба од двајцата родители.

Понатаму, овие нови ставови 2 и 3 , кои се предлагаат во членот 13 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за семејство се ставови кои сметам дека извираат од сувопарното решавање на оваа проблематика, особено чувствителна проблематика во која повторно се маргализира интересот на детето, а им се отвара фронт на родителите за дополнителни манипулации, што детето се третира како предмет, во зависност од играта на родителите , ќе биде пренесувано де кај едниот де кај другиот родител.

Понатаму, во членот 15, нарушени односи и насилство во бракот и семејството. Членот 94 ни ги дава привремените мерки кои можат да бидат изречени.

Сметам дека кај Центарот за социјални работи вакво барање за изрекување на привремена мерка можат и требаат да поднесат, доколку сакаме да го заокружиме интересот , најдобриот интерес на детето, значи можат да поднесат барање и останатите релевантни институции и орани кои по природа на својата работа, можат да дојдат во допир со откривање на појава на семејно насилство.

Ова го кажувам како дополнување на Министерството за труд и социјална политика, неговите искрени желби да ја регулира оваа материја, посебно за семејното насилство, а знаеме дека такви органи можат да бидат лекар, психијатар, наставник, педагог или психолог во училиштето каде што учи детето.

Ова го велам од причини што светските искуства покажуваат дека основен предуслов е координирање и мултидисциплински однос на ресорните органи, а не само како што произлегува од содржината на оваа Одредба дека центрите, сепак на крајот на краиштата ќе останат сами да се справуваат со превенцијата и со сузбивањето на семејното насилство.

Во членот 16 од Предлогот, или 95 од Законот од основниот текст се вршат измени каде што бројот 10, годините на детето се заменуваат со бројот “12”.

Прво сметам дека предлагачот потребно е да размисли дали и понатаму треба да постои одредбата непотполно посвојување, ако се знае дека таквиот вид на посвојување во Република Македонија , според тие информации кои ги имам јас не се применуваат скоро во ниедна земја на Балканот, а истовремено со посвојувањето со кој се создаваат односи, кои настануваат како со раѓање, или потполното посвојување, максимално се штитат интересите на децата и непотребно е да се

обременува законот и со овој друг облик, сметам за непотполно посвојување, кое во Република Македонија , како што реков, според информациите кои ги има веќе 10 години, можеби министерот ќе каже други податоци, меѓутоа не се применува воопшто.

Ова што се однесува до бројот на годините, на зголемување на бројот на годините на детето, чија волја треба да биде важна во посвојувањето, од 10 на 12 години, сметам дека повторно Министерството не ги зема предвид, или предлагачот не ги зема предвид современите токови во кои како резултат на целокупниот развој технолошки, општествени и друг развој , самиот развој на детето оди со голема брзина, па од година во година имаме емоцијално и социјално развивање на децата со намалена возраст на граница.

Дали досегашната регулатива имала повеќе доверба во однос на зрелоста на децата, па го предлагала, или се користел периодот од 10 години, или пак во меѓувреме нешто се променило на штета на таквиот впечаток и се напушта досегашното решение. Навистина незнам, ниту можам да ги видам критериумите на Министерството зошто имаме зголемување на возрасната граница од 10 на 12 години при ваков брз развој.

Во членот 17 од Предлогот се додаваат три нови члена, 97-а, 97-б и 97-в. Јас ќе му предложам на министерот да размисли дали не е подобро наместо формирање на нова комисија, со определување на нејзин состав, мандат , конституирање, избор на претседател , поднесување на извештаи на секои три месеци, значи наместо тоа да се предложат мерки или санкции за членовите на комисиите за посвојување при центрите за социјална работа кои најдобро ја познаваат положбата и ситуацијата во секоја општина и можат на најдобар начин да го спроведат посвојувањето, иако се согласувам со министерот дека тоа беше затворен круг досега.

Меѓутоа, дали не треба да се изнајде некоја друга форма, наместо формирање на нова комисија, затоа што сепак ќе потсетам, ние одиме кон децентрализација на власта, значи мораме да го спуштиме нивото и да најдеме форма на ниво на секоја општина , со оглед на тоа дека луѓето таму се знаат многу повеќе, отколку некоја комисија формирана при Министерството за труд и социјална политика и можат можеби побезболно да ги поминат сите оние турбуленции кои настануваат во проблемите меѓу самите членови на семејството. Добро е што е предвидено во членот 97-в , висината и начинот на плаќање на надоместок на

реалните трошоци направени во постапката за посвојување , меѓутоа, треба сепак да се прецизира кој орган ќе ги сноси тие трошоци.

Според мене интересен е членот 18 од Предлогот каде што министерот вчера, сметам дека претседателот го прекина и не успеа да, токму во областа на државјанството да даде подетални информации. Меѓутоа, во членот 99 став 2 од Предлогот на членот 18 се вели дека во случаите од став 2 на овој член потребно е да се прибават извадоци од Законот за посвојување на земјата на посвоителите и други информации и докази за да се обезбедат најмалку еднакви или подобри услови за животот и развојот на детето. Мене не ми е јасно што значи тоа од други информации или докази кои треба да бидат приложени, вака како што е дадено, и од оваа вака формулирана одредба овој став 3, неможам да утврдам дали се однесува на лицата кои се странски државјани и се во брак со државјани на Република Македонија па сакаат да посвојат дете, или се однесува на нешто друго. Доколку оваа одредба не се однесува на тие лица, тогаш предлагачот повторно направил превиед и ги ставил во нерамноправна положба овие лица во однос на другите лица. Но ова верувајте има и една друга димензија, вака ако малце пошироко размислуваме, штом странски државјанин иако е по исклучок, може да посвои граѓанин на една држава, тогаш се смета дека таа држава чиј граѓанин се посвојува, не му ги обезбедила потребните или основните услови на тој нејзин граѓанин. Во градувањето на решение со кои се бараат докази за обезбедени најмалку еднакви или подобри услови за живот и развој на детето, како што е во законската формулација предложено, сметам дека во сегашните социјално-економски состојби во нашата земја, апсолутно не делуваат како соодветно решение за заштита на најдобрите интереси на детето.

Во истиот овој член имаме став 3 кој станува став 4, одобрение за ова наместо Министерството за труд и социјална политика, одобрението за вакво посвојување се заменуваат со зборовите комисија. И овде почитувани колеги, апсолутно не се слагам со предложеното решение затоа што надлежен орган во оваа област е Министерството за труд и социјална политика, кое согласно своите надлежности има должност да ја спроведува утврдената и законски регулирана проблематика посебно во семејството како еден од сегментите на неговата надлежност и аналогно на тоа треба истиот тој орган, значи Министерството за труд и социјална политика да даде одобрение за посвојување кога се работи за странски државјанин. Пренесувањето на оваа надлежност од Министерството на Комисијата,

сметам дека мене ме всушност доведува до заклучок, дека се намалува грижата и одговорноста на носителите на овие решенија, а на штета на обезбедувањето на најдобрите интереси на детето, кои ни се приоритетни при предлагањето на, од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Членот 19 имаме три нови члена 100-а, 100-б и 100-в. Прв впечаток од вака предложеното решение е следниот. Значи ние ги исклучуваме, ги ограничуваме посвоителите со максимум години на разлика помеѓу посвоителот и посвоеникот од 45 години, а истовремено почитувани колеги сите сме сведоци дека посвојувањето од било кои причини до сега, субјективни или објективни трае од 10,15, па и повеќе години. Така да замислете посвоителот ја започнал постапката на своите 35 години возраст, за посвојување, после 10, 15 или повеќе години тој не само што ќе ја изгуби волјата, туку согласно ваквото решение дури ќе го изгуби и правото да може да биде посвоител. Значи во овој член имаме ограничување на возраста на посвоителите, или ставање во некој законски максимум. Разлика во годините меѓу посвоителот и посвоеникот, наспроти тоа во членот 100-б имаме либерализација на возраста кога се работи за брачниот другар на посвоителот.

Членот 100-в, по исклучок од членот 100-а став 1 во кој се вели дека не смее да биде деловно способен посвоителот да има лични својства, не е постар од 45 години и ставот 4 кој вели брачни другари можат да се јават како посвоители ако еден од нив не ја надминува горната старосна граница. Значи оваа одредба во овие два претходни става од претходниот член како посвоител може да се јави и лице или брачни другари кои ја надминуваат горната граница на старот доколку се посвојува дете со попреченост во физичкиот или интелектуалнот развој или брат или сестра на детето кое веќе е посвоено.

Секој кој сака, почитувани колеги има право да ја искаже својата лична желба во однос на детето кое сака да го посвои, но неможе условите кои се предвидени со закој да бидат полиберални или построги во однос на категоризацијата на детето кога се однесува на неговиот психофизички развој. Значи ние овде имаме одредба со која ја пробиваме горната граница, доколку се посвојува дете со попреченост во физичкиот или интелектуалниот развој. Сметам министре дека тука сте ја погрешиле и формулацијата, можеби треба да стои “лице со посебни потреби” “дете со посебни потреби”, а од друга страна го имаме или брат или сестра на детето кое е веќе посвоено. Тоа е во однос на овие три члена кои иако ја имаат добрата волја сметам дека не е избрано најдоброто решение на овој предлог закон.

Во членот 23, во кој е регулирана постапката, или барем Министерството се потрудило да ја регулира постапката за посвојување на деца каде учествуваат и Центарот за социјална работа и Комисијата ќе издвојам накратко неколку членови кои се предлагаат.

Во членот 104-в во рокот предвиден во овој член лицата кои сакаат да посвојат дете должни се да посетат соодветно советувалиште. Не се наведува согласно кои прописи ќе се уреди начинот на работа на тоа советувалиште односно дали тоа советувалиште ќе работи како советувалиште во Центарот за социјални работи или ќе функционира како посебно советувалиште надвор од делокругот на работа на Центарот за социјални работи.

Членот 104-ѕ вели за посвоителите најсоодветни посвоители Центарот за социјални работи, значи со овој закон се предлага најсоодветни посвоители и предлогот со предметот за посвојување во семејството на можните посвоители го доставува до Комисијата. Кога веќе во претходните членови се знае дека Центарот за социјални работи дава предложи за упис во регистрите за можни посвоители, а Комисијата секогаш може да изврши проверка на основаноста на тие предлози сметам дека оваа формулација е непотребно ставена во овој член.

Вака поставената и утврдена проблематика со основаноста на сите предлози не обезбедува реален впечаток дека државата сепак ќе се погрижи да им помогне на едните да станат родители а другите да имаат родители. Притоа фактот дека чувствата кои ги водат и едните и другите е да бидат заедно и да функционираат како семејство, сметам дека малку сакајќи да се уреди оваа област така како што треба се занемаруваат и се исложуваат на една премногу груба адмистративна постапка.

Верувам дека наредните дискутанти ќе образложат некои делови кои пропуштив да ги кажам. Посебно ја потенцирам уште еднаш заложбата на Министерството за труд и социјана политика во однос на семејното насилство да го добие потребниот законски третман бидејќи сите ние често сме директни или индиректни неми сведоци на она што се случува во најголем број на семејства во Република Македонија, а и она што ме плаши е експанзијата со која тоа семејно насилство ескалира, како што кажаа и претходните не само кон жената, кон децата, кон постарите членови. Значи воопшто се проширува на сите членови кои функционираат во семејството.

За крај чувството и сознанието, морам да потсетам дека семејството е сигурно место каде може да се даде поддршка, разбирање, каде што постои атмосфера која го поттикнува и менталниот и психичкиот развој на личноста мора да ни бидат во прв план и во преден план за да изградиме здрава  личност, јака заедница и богато општество. Меѓутоа, уште еднаш ќе потенцирам и ќе апелирам до Министерот за труд и социјална политика со оглед на суптилноста на материјата која се регулира со овој закон, овој закон да биде повлечен и истиот да оди во две фази.

Сметам дека и колегите од позицијата треба да инсистираат на повлекување на овој вака како што е даден предлог за изменување и дополнување со Предлог на закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министер, имате збор.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Благодарам.

Би сакал да се осврнам на забелешките на повеќе пратеници што ги искажаа во однос на членот 13, дали е тој во согласност или во колизија со генералните напори на Законот да настане неопходната трансформација на детето од објект во субјект.

Имено, членот 13 точно е дека е деликатен и 12-годишното искуство со примена на овој закон, меѓутоа и претходно со примената на повеќето закони кои што ја регулираа оваа сфера пред овој закон од 1992 година центрите за социјална работа кои непосредно на теренот се грижат за овие работи, всушност нивното искуство директно доведе до овие формулации. Значи ова не се кабинетски формулации туку обид да се надминат состојбите на теренот. Имено огромни се проблемите што во последниве години ги имаат центрите во регулирањето на овие права и обврски. Има страшно непочитување, отворено непочитување и поради нефункционирање на судскиот систем за жал луѓето не можат да си ги остварат своите права. Особено ова тешко се одразува на самохраните мајки. Тие се ставени во исклучително тешка положба. Дел од овие одредби, вие гледате дека тука има повеќе ставови, во некои е облигаторно дадено правото на Центарот за социјална работа а некаде е факултативно. Значи, направени се динкстинции мошне суптилни кои што се директно извлечени од состојбите на теренот.

Бидејќи најмногу дискусии имаше околу ставот 1 каде што Центарот за социјална работа може факултативно да донесе решение доколку три месеци

родителот не давал алиментација. Оваа одредба ја внесовме само во екстремни случаи. Центарот за социјална работа ја следи состојбата и сосема е јасно дека доколку станува збор за објективни причини како невработеност, нередовно примање на плата и други состојби Центарот за социјална работа нема да ја донесе оваа одлука, меѓутоа, верувајте имаме многу примери каде што Центарот, иако најчесто се работи за татковците има сосема солидни примања и докажано е едноставно не сака да ги исполнува обврските за алиментација. Судските процедури траат бескрајно и ние во тој период, и детето и самохраната мајка ја доведуваме во една крајно непријатна ситуација. Оттаму, затоа вака факултативно е дадена можноста на центрите за социјална работа. Таму има луѓе стручни, со искуство што врз основа на докази ќе проценат дали ќе ја применат оваа мерка или не. Инаку, точно е, деликатни се овие мерки, меѓутоа тие се според нашето работно верување и според искуствата од теренот во интерес на детето. Тоа е во однос на членот 13.

Околу забелешките и сугестиите што беа дадени околу посвојувањето и дека сега наводно во процесот на децентрализација се врши централизација центрите за социјална работа како јавни установи и натаму остануваат под надлежност на централната власт. Така да ние тука можеме да говориме, ако сакаме да бидеме прецизни, не за централизација, туку за деконцентрација. Најчестата практика во светот во однос на овие прашања е судот да решава за овие работи. Значи судот ја носи официјалната одлука, меѓутоа, ние поради уставното дизајнирање на судството на ваков начин каде што не се дозволува можност за постоење на специјализирани судови ја немаме таа можност. Доколклу во рамките на вкупните промени на судскиот систем кои што подразбираат и уставни промени ова Собрание одлучи да го примени системот на организација на судската власт и да дозволи постоење специјализирани судови (за семејство, за работни односи и тн.) тогаш и наш предлог веднаш како министерство ќе биде оваа надлежност да премине на судот, затоа што тоа е најчестата практика во најголем број од државите. Така што принципиелното решение би било судот да одлучува, меѓутоа тоа ќе биде возможно дури откако ја промениме, ако ја промениме организацијата на судската власт и ако дозволиме специјализирани судови. Во овие оклности сега што ги имаме ова решение според нашите согледувања е најсоодветно.

Дозволете ми уште на една работа да укажам сосема се оправдани принципиелните забелешки дека ваков закон добро е да оди во две фази. Сосема принципиелно се оправдани, меѓутоа овој закон е подготвен уште во февруари

месец од Владата, а еве во јуни месец е на Парламентот. Сега ни претстојат маратонски расправи околу децентрализацијата, летни одмори, локални избори кога Парламентот нема да работи па се плашам дека ако одиме во втора фаза ќе ја дочекаме 2005 година, а состојбите на теренот и во однос на семејното насилство и во однос на посвојувањето се навистина во многу сегменти неповолни. Во секој момент Министерството за труд и социјална политика ќе биде отворено за предлози на пратениците, за измени и дополнувања нови на овој закон.

Инаку, ние водевме голема јавна расправа која почна некаде во месец ноември. Имавме две големи трибини со некаде преку 20 невладини организации што се занимаваат со заштита на правата на жените и децата и имавме низа консултации и трибини со стручните со социјалните работници на теренот, така што и најголем дел на овие решенија во делот на односто родител-дете и посвојувањето се резултат на стручната расправа на стручните работници, а во делот на семејното насилство во голем дел се резултат на придонесот на невладините организации. Значи всушност ние имавме јавна расправа голема и пред самото донесување на Законот. Оттаму ние како Влада сметаме дека законот треба да оди во скратена постапка.

Бидејќи вчера немавме време а сега пратеничката Којзеклиска го покрена прашањето околу регулативата за странците да кажам дека досега странците и државјаните на Република Македонија беа изедначени. Како резултат на таквото лошо законско решение имаше можност за одредени неповолни состојби во смисла, иако имаме интересенти во Република Македонија децата да бидат давани на странци.

Сега тоа прецизно го санкционираме, секогаш предност има државјанинот на Република Македонија. Странец може да посвои дете само доколку детето не може да биде посвоено на територијата на Република Македонија, што значи дека детето било понудено на повеќе можни посвоители, меѓутоа, тие од икс причини не сакале да го посвојат. Оваа одредба е сосема во ред затоа што е во најдобар интерес на детето. Ако никој од можните посвоители не сака да го посвои во Република Македонија, да му се најде соодветен дом надвор, отколку да биде во институциите за згрижување на деца без родители. Тоа е повторно во најдобар интерес на детето.

Кога говориме за злоупотребите и слабостите во системот, најголем дел од слабостите сега решаваме, меѓутоа во делот на социјалната заштита. Во делот на здравствените евиденции, за жал, имаме уште отворени прашања и сите последни

примери што беа наведени во медиумите од оваа година - случајот во Кочани, случајот во Скопје од пред неколку дена, случајот во Битола што беше откриен сега а се случил пред три години - сите говорат дека всушност злоупотреба на институциите имаме во самите здравствени домови и тие проблеми не можат да се решат со овој закон, туку ќе мора да настанат промени во законите за здравствени евиденции, за да процедурата при прегледите пред самото породување, самото породување и административните процедури околу регистрацијата во здравствените домови, да бидат прецизно регулирани. Сега тие не се прецизно регулирани во законите за здравствени евиденции и овозможуваат и таму простор за манипулации, како што всушност беше случај со овој настан кој го имавме пред неколку дена. Значи, нужни се и промени во законите за здравствени евиденции и во прва наредна прилика, Владата веќе донесе заклучок Министерството за здравство да подготви такви измени, кои и овој можен канал ќе го затворат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеничката Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Јас имам многу куса реплика со која можеби нема да се спротивставам толку на мојата почитувана колешка Којзеклиска, меѓутоа, единствено сакам да укажам дека и во онаа расправа и контакти што ги имавме со невладиниот сектор, кој даде несебична помош во дефинирањето на овој текст на измени и дополнувања на Законот за семејство и благодарам искрено на целосната поддршка на амандманите кои група пратеници, Лилјана Поповска, Андова, јас, Ристе Бислимовски и Славица Грковска, ги поднесовме токму на членовите за кои таа говореше, членот 15, каде истоветно се заложивме одговорност за семејно насилство и пријавување да имаат сите лица кои доаѓаат во контакт со информацијата за стореното такво семејно насилство и повторивме кои се. Поддршка за нејзиниот коментар на нашите амандмани на членовите 19, 20 и 23, така што искрено се надевам, ако не бидат прифатени од министерот и не станат составен дел на овој закон, дека ќе ја имаме целосната поддршка и на мојата почитувана колешка и на опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега има збор пратеникот Хусеинџеват Хусеини, а нека се подготви пратеникот Елеонора Петрова Митевска.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Ако моментално со нешто можеме да се гордееме виза ви другите развиени општества по нешто добро, тоа е семејството. Меѓутоа, во овој закон иако се дадени силни образложенија, социекономски образложенија, законот е добредојден затоа што ги санкционира девијантните појави кои во последно време покажуваат тенденциии на распад на семејството. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за семејство ги содржи сите унапредени одредби на европските стандарди и ги елеминира пропустите и празнините на постојниот закон, кој е донесен во 1992 година и беше дополнет 1996 година.

Предлог законот за кој говориме детето го става во активен дел како активна странка на разводите и го прави активен субјект, а сето ова се заснова на Конвенцијата на Обединетите нации за правото на детето и неговите слободи. Исто така, овде се предвидува и заштита на детето од злоупотреби, насилство и оставање на страна. Законот предвидува потреба од институционализирање на заштитата на детето од домашното, семејното насилство и семејството го смета како основна клетка на општеството, преку службените лица со службени идентификации вработени во соодветното Министерство.

Исто така, овде се прецизираат и одредбите на посвојувањето кои се во прилог на посвоеното дете и целата регулатива за тоа кој може, а кој не може да посвојува дете, како и натамошните односи меѓу природните родители и децата кои се во посвоените семејства што ги посвоиле.

Законот за кој говориме предвидува заштита на секој член на семејството од насилството во семејството, кои можат да имаат потреба од таа заштита, значи институционална заштита. На пример, од тоа може да има потреба детето, хендикепираното лице во семејството, старците итн.

Центарот за социјална помош, кога има сознанија за девијантни појави и насилство во семејството, презема соодветни мерки за заштита на членот на кој му се повредуваат правата во семејството и сето ова се обезбедува на јасен и дециден начин со членот 94-а, б, в итн.

Законот го сметам за неопходен и пред се е апликативен и прифатлив, затоа што кај нас на Балканот има позитивна традиција за семејството и таа е слична меѓу сите народи кои живеат тука заедно. Ова е евидентно и се чувствува во тековите на едно општество кое се наснова на патријархализам, а преминуваме во општество кое се заснова на унапредување, унапредување на индивидуалецот и добро е да се заштити семејството затоа што тоа е свето. Меѓутоа, сум на мислење дека

семејството треба да го сочува своето место, својата позиција во функционирањето на целото општество и еден ваков пристап кон ова имаме и за вредностите кои ги имаме ние како традиција и треба да се култивираат и понатаму за семејството, односно не треба да се прифати се што е модерно и е прифатливо за нас. Како таква вредност јас ќе ја нагласам нашата религиозна вредност која доаѓа од една наша религиозна култура, бидејќи таква позиција имаме и таа треба да се култивира и понатаму. Имено, тука е поговорката на нашиот пророк Мухамед, кој на прашањето кој ќе оди во рајот, тој одговара различно, но еден од одговорите е: тој што ја почитува сопругата, жената, значи тој што го почитува столбот на семејство, што е многу позитивно. Во вториот одговор се вели дека ќе оди тој што внимава, се грижи за сиромашните и за децата кои се без родители, што исто така е хумана димензија.

Како мој предлог до Министерството е да размислува за образованието и воспитувањето на децата со натпросечна интелигенција, кои за жал припаѓаат на онаа категорија деца кои немаат среќа да живеат во здрави семејства. Да се грижи за нивното финално воспитание, за финансирање на нивното воспитување, затоа што овие деца кои јас ги сметам како дар на природата, ние како општество можеме малку да направиме за нив, меѓутоа, тие за општеството можат да направат многу. И ако го формираме и помогнеме нивното образование и воспитание, тие можат да бидат и генијалци, меѓутоа, за жал, се оставени на страна и некој треба да се грижи за нив. Мислам дека за ова треба да се размислува, бидејќи овој закон не ги затвора патиштата за натамошно подобрување, што секојдневната потреба ќе ги постави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Петрова, а потоа нека се подготви пратеникот Илјаз Халими.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Господине министре, колеги и колешки пратеници,

Ретко кој закон предизвика толку голем интерес во јавноста, особено кај невладиниот сектор, меѓутоа не само кај невладиниот сектор, особено што кога се отвори јавната расправа и потоа имаше голем интерес во јавноста за овој закон. Меѓутоа, изгледа нема голем интерес кај пратениците во Собранието на Република Македонија, да бидат присутни тука, а не оние кои дискутираат. Меѓутоа, како и да е веќе ми стана навика, кога станува збор за закони кои ги предлага Министерството за труд и социјална политика да ги фалам овие законски проекти, не само заради фактот што сите законски проекти кои се донесени во последно време се

приближуваат кон Европа, односно го следат европското законодавство и се хармонизирани со европското законодавство, туку што е ова навистина чекор напред во македонското законодавство, особено кај законот за семејство, каде што досега немаше некои поглавја кои сега се внесуваат. Би сакала да зборувам за нив, особено за семејното насилство, кое за прав пат се појавува во нашата законска регулатива.

На почетокот кажав дека особено за оваа сфера имаше голем интерес кај невладиниот сектор и можеби токму заради оваа сфера, семејното насилство кое прв пат се појавува во македонското законодавство како посебно поглавие воопшто, имаше голем интерес за тоа овој закон да оди во две фази. И министерот веќе кажа, јас сакам да го кажам нивното мислење, меѓутоа, сметам дека побрзата имплементација на законот го оправдува неговото донесување во една фаза и сметам дека со неговата побрза имплементација ќе имаме поголем квалитет во решавањето на проблемите.

Семејното насилство е проблем, за кој кај нас многу малку се зборувало порано и ние сме една од земјите која многу доцна почна со истражувања и одредени проекти кои ја покажуваат вистинската состојба со семејното насилство во земјата. Првите срамежливи обиди се пред 10 години, во 1994 година, а првата сериозна студија која го третира семејното насилство излезе дури во 2000 година, така што можеме да кажеме дека во оваа сфера доцниме зад најголем број европски земји, меѓутоа, никогаш не е доцна. Важно е дека во законска процедура влезе еден ваков проект, макар што е составен дел на Законот за семејство, а во поголем дел европски земји семејното насилство е претставено со посебен закон, дури и кај нашите поранешни соседи. Ние секогаш сакаме да се мериме со земјите од поранешната Федерација во која што живеевме, Република Словенија и Република Хрватска имаат посебен закон за семејното насилство, па можеби ќе можеше оваа проблематика да се издвои во посебен закон. Меѓутоа, реков никогаш не е на одмет да започнеме некако да делуваме, а мене ми е особено драго дека конечно денес ќе почне имплементацијата на Законот за семејство, а со тоа ќе се санкционира и семејното насилство. Не треба да се каже дека во процесот на истражувањето во последните години на семејното насилство се покажа дека секоја четврта жена во Република Македонија е злоставувана, барем од оној репрезентативен примерок кој е земен во секторите на истражување во невладините организации. Тоа е навистина голем процент на злоставување жени, било да се работи за процент на физичко или

психичко насилство, бидејќи постојат две категории насилство што е констатирано. Овој голем број злоставувани жени, бидејќи најголем број од злоставуваните се секогаш жени, макар што одреден процент покажа дека и децата се злоставувани, а и старите членови на семејството, исто така, меѓутоа, процентот на злоставување на жените секогаш го надминува осумдесеттиот процент, така што кога зборуваме за семејно насилство, најчесто се однесува за жените.

Покрај тоа, како злоставувачи најмногу се појавуваат сегашни и поранешни сопрузи на жените и уште повеќе, 81,5%, и ова уште повеќе покажува дека кога станува збор за семејното насилств, најмногу станува збор за односот сопруг-сопруга или маж-жена, односно ги одредува односите во семејството како патријархални и му ја дава на патер фамилијас - главата на семејството улогата на фактор кој што ќе има право на животот, а понекогаш и на смртта на членовите на семејството, случајот на жената.

Со овој сегмент кој е во Глава 6 и сите членови 94, се надевам дека сите овие проблеми кои се јавуваат со семејното насилство во Република Македонија нема да се решат, ама барем ќе почнат да се решаваат во позитивна насока и затоа очеккувам дека министерот ќе го прифати и амандманот на моите колешки Лилјана Поповска и Благородна Мингова Крепиева, кој се однесува на фактот дека сите оние сегменти кои би можеле да помогнат во спречувањето на семејното насилство, пред се центрите за социјална грижа, доколку знаат за семејното насилство во одредено семејство, а не пријавиле или не покажале соодветен интерес, дека ќе бидат казнети во таа насока, затоа очекувам дека овој амандман ќе биде прифатен.

Она што ми е особено важно за да може имплементацијата на овие одредби од Законот за семејство кои се однесуваат на семејното насилство да почната да функционираат, секако ќе биде значајно да се формираат шелтери и прифатилишта за оние злоставувани жени, особено кои се жртви на семејното насилство и дека на таков начин навистина ќе почнеме, барем ќе почнеме да се справуваме со овој проблем.

Не би сакала да зборувам за сето она што веќе го кажаа моите колеги, меѓутоа, би сакала да кажам неколку работи кои се однесуваат на семејното насилство, а укажуваат на фактот дека ова беше навистина последен момент интересот на државата во оваа сфера да се зголеми или намали, да се насочи кон овој проблем, бидејќи долгогодишната маргинализација на проблемот доведе до фактот ние да имаме мала заинтересериност кон оваа појава во општеството, што

навистина е неопростливо и досегашното отсуство на податоци кои ги имавме од невладиниот сектор да не бидат презентирани или користени досега како релевантни податоци на државата која би го кажал апостоењето на еден ваков сериозен проблем. Значи, тука не би зборувала за отсуството на истражувањето сега, бидејќи само невладиниот сектор презел такви официјални истражувања, ниту пак за едноволната правна покриеност и за фактот дека отсуствува формалната реакција, односно во овој случај полицијата многу малку се мешала во досегашните случаи на семејното насилство. Очекувам дека во иднина жртвите на семејното насилство нема да преставуваат работа само на семејството, туку конечно ќе станат работа и на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Елеонора Петрова, барем еднаш да кажевте злоставувани жени и евентуално мажи, еднаш барем мажи да спомневте во својот настап.

Повелете г. Илјаз Халими, а нека се подготви господинот Иван Анастасовски.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Во оваа прилика навистина ќе бидам многу кус во своето излагање, имајќи предвид дека многумина пред мене на дециден начин ги презентираа забелешките и нивните ставови околу законот, а особено најпрецизна во ова беше колешката Марија Којзеклиска, така што јас ќе дадам само неколку начелни забелешки по однос на законо и начинот на донесување на законот.

Законот за кој дебатираме е една многу суптилна материја со многу специфики што има за цел надминување на проблемите што се појавуваат во областа на семејствата, односно во соодносот деца - родители или подобрување на децата, судската процедура која следи и семејното насилство.

Значи, за овие прашања се бара заштита преку законот од страна на државата цо согласнсот со законската регулатива и на Европската унија. Имајки го во предвид значењето на овој закон кој што има за цел измена на постоечкиот Закон во ова време на големите промени во семејството како последица на општествените промени, имајки ја во предвид потребата од прецизно регулирање на оваа материја би било добро ние денеска да дебатираме само за Предлогот за да се навлезе во промените за измена на овој Закон, а во една блиска иднина да направиме и негово усвојување. Што значи, овој закон да оди во две фази. Мислам дека би било добро

овој закон да се донесе неколку недели подоцна. Најмалку би се дала можноста за разгледување на овој закон во една поширока дебата каде што голем број експерти и познавачи на оваа материја би придонеле содржината на овој закон да биде многу по квалитетна, а со тоа и по прифатлива за сите. Еден ваков предлог, значи да се оди во две фази произлегува и од состанокот на Законодавно-правната комисија одржана на 15 мај 2004 година, како и од голем број на невладини организации, особено од организациите за солидарност, еманципација и рамноправност на жените во Македонија, како и првата Детска амбасада во светот “Меѓаши” кои што го анализираа законот и врз основа на оваа анализа ги дадоа своите забелешки изразени во форма на амандмани со кои исто така мислам дека пратениците се запознати. Јас имав и непосредна средба со претставници на овие две организации каде што нивните забелешки и нивните ставови ги презентираа непосредно, директно. Но, ова не значи дека тие не биле опфатени во другите дебати што ги организирало Министерството. Министерот спомна дека најмалку 20 невладини организации учествувале на тркалезна маса каде што сигурно ги дале своите сугестии и нивните предлози и забелешки. Но се поставува прашање колку тие се земени во предвид во подготввуањето на овој закон. Не случајно, особено од овие претставници на овие две организации се предложени десетина амандмани со кои што се интервенира во подобрување на овој закон. Но, како и да е, независно од овие барања овој закон да оди во две фази , мислам дека нема подготвеност од страна на министерот ова да се направи така. За жал во однос на овој закон и со Законот за вработување и осигурување во однос на невработеност за кој што ние вчера дебатиравме овде и законот е усвоен , Комисијата за труд и социјална политика немаше прилика да се произнесе, како што знаете сите поради опструкциите што се прават на состаноците на оваа Комисија од страна на македонските колеги. Но, како и да е , независно од ова што сега го кажав, независно од она дека не функционира оваа Комисија, матична комисија за овој закон, значи можноста за произнесување на членовите на Комисијата е во рамките на оваа дебата. И природно дека нема некои нагласени пречки во донесувањето или усвојувањето на овој закон.

И на крајот, бидејки овие барања за да се оди во две фази како од страна на Законодавно-правната комисија, така и од страна на невладините организации кои што се спомнати претходно и врз основа на моето барање да се остави за подоцна усвојвуањето на овој закон од страна на предлагачот во неможноста да се направи

вака, јас иако немам подготвено амандман, но мнозинство на мои колеги ги подготвиле амандманите и јас ги анализирав истите, така што пвоеќето од тие амандмани ќе ги подржам во интерес на донесување на поквалитетен закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Сакам да го изразам своето апсолутно согласување со пратеникот Халими. А ако некој е најхендикепиран и најфрустриран поради тоа што не работи Комисијата за труд и социјална политика при Собранието, тоа е секако Министерството за труд и социјална политика, затоа што за разлика од другите министерства е најнеоправдано и не стартува  под еднакви услови овде презентирајќи ги законите на пленарната седница. Навистина за нас како Министерство и како Влада е неразбирливо што оваа Комисија веќе година ипол не функционира и сите закони од надлежноста на оваа матична комисија, за жал не го поминуваат тој нужен и мошне значаен филтер. И како резултат на тоа се обременуваат и парламентарните расправи и веројатно се влијае и на квалитетот на самите предлози.  Јас неколку пати досега сум апелирал, меѓутоа еве уште еднаш на оваа пленарна седница оваа Комисија конечно да профункционира за да имаме една со Деловник пропишана процедура и квалитетна процедура во интерес на подобри законски решенија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Во овој случај навистина ќе треба да реплицирам на наводите кои ги истакна колегата Халими за неможноста и деструктивното, или опструкцијата како што тој вели на работата на Комисијата. На таа седница во функција на заменик на член ја заменував госпоѓата Ана, бев присутна и јас. Опструкциите не настануваат од членовите како тој  што не нарече. Јас незнам дека пратениците по етничка припадност ги делиме, сите сме пратеници и сите сме во функција на доброто функционирање на овој Парламент. И покрај толкувањето на Комисијата за начинот на водење на комисиите и употребата на јазиците на заедниците во работата на работните тела , оваа Комисија нема можности да работи, бидејки претседателот инсистира седниците да ги води на неговиот мајчин јазик. Тоа е едната работа.

Втората работа, морам да кажам дека сите ние како пратеници од страна на невладиниот сектор бевме информирани за нивните предлози и амандмани за

подобрување на текстот на овој закон. Само многу мал број пратеници, овие што и понудивме амандмани, седнавме да разговараме со нив и навистина да обезбедиме во процедура да дојде закон со такви решенија кој ќе биде применлив и ќе соодвествува и на искуствата што ги имаме во сферата на законот за семејство, како и соодветна примена на Конвенцијата на Обединетите нации и меѓународните позитивни законски прописи и ставови. Така што сметам дека колегата ако имал добра волја, имал можности да се вклучи во работата со невладиниот сектор, а исто така можел да овозможи и нормално функционирање на Комисијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас г-дине претседател во зависност од тоа како ми доаѓаат материјалите ги свикувам седниците на Комисијата . Така што досега веќе шест седници сум свикал . На секоја седница сум повикал и преведувач и природно јас говорам на мајчин јазик, затоа што ова ми го гарантира Уставот, амандманот 5, алинеја 2 од Уставот. И на ова не треба да се гледа како да сум јас пречка за развој на седниците. Значи, некому му смета употребата на албанскиот јазик, иако е гарантиран со Уставот и природно кога ја почнувам седницата нема кворум за седница. И после мојот апел неколку пати да останат на седницата за да дебатираме за законите, за да бидеме конструктивни, за да заземеме заеднички став, повторно ова е оневозможено и не може да се реализира. Меѓутоа, за ова ние ќе имаме можеби поширока дебата во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Господине претседателе, почитуван колега Халими, опструкцијата на работењето на Комисијата во овој конкретен случај ја претставивте во сосема изврτена проекција и од сосема изместен агол на оценување на истото. И на таков начин го кажавте сега и тоа го практикувате кога закажувате седници на оваа Комисија. Ние добивме толкување од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и тоа се практикува во работењето на собраниските тела. Така што во однос на користењето на јазикот при водењето на комисиите, вие се водите од вашиот личен став и од вашето лично толкување. Најнеоправдано е , како што кажа министерот оваа Комисија да не работи, а ние сите имаме не само

професионална обврска, туку како што и впрочем еднаш кажав на седницата на една од комисиите, ние имаме и морална обврска спрема сите граѓани на Република Македонија да расправаме по овие прашања од областа на трудот и социјалната политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Жалам што колегите македонци не се во состојба да ги разберат овие процеси кои се родиле се подразбира после Охридскиот договор и уставните промени. Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања разгледувањето на работата на оваа Комисија не може да ја прави на сопствен начин, затоа што не се заснова токму на Уставот и на Охридскиот договор. Значи, таа проценка, или тоа образложение што го дава Комисијата се заснова воглавно на договорот кој што е постигнат порано меѓу Црвенковски, Али Ахмети и Пенов, нешто што мене не ме обврзува , тој договор мене не ме обврзува и ако сакаат нивната волја да ја изразат во законот, или во Деловникот, тогаш тоа може да го направат, бидејки имаат мнозинство во Парламентот и можат да направат такви прецизирања и јас сигурно ќе ги почитувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Халими, кога ги спомнавте невладините организации , да ве информирам дека и ние се сретнавме со невладините организации и со “Меѓаши” и детано ги разгледавме амандманите. Меѓутоа, ние искористивме и друг механизам , организиравме и се договоривме заедно со минситерот за труд и социјална политика заедничка средба со дел од пратениците во Министерството за труд и социјална политика и во оваа прилика сакам да се заблагодарам и на министерот и на службите во Министерството што најдоа разбирање и време за детално да ги разгледаме секој од тие амандмани што беа предложени и да излеземе со заеднички став кои од нив се прифатливи. Сакам да потенцирам дека секој сериозен претседател на комисија би требало да организира ваква расправа во рамките на комисијата за вакви сериозни законски прашања, а не да го користи нефункционирањето на Комисијата од чисто политички причини и да прави политички маркетинг од неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г-дин Зуди Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Господине претседател, последните три реплики немаат никаква врска со законот. Вие дозволивте да се развие една дебата, реплики кои што се однесуваат на нешто сосема друго, со работата на Деловникот и прашањето на Комисијата, а воопшто не беше спомнат законот и незнам зошто вие тоа го дозволувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прочитајте го Деловникот и ќе видите што значи реплика. Реплика значи одговор на ставот на претходниот говорник. А господинот Халими по етничка линија ги обвини еден дел од парламентарците дека вршат опструкција. Тоа е реплика, г-дине Зуди Џелили. А настапот треба да биде во врска со законот. Така што јас воопшто не го кршам Деловникот.

За реплика се ајви г-динот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Во врска со овие забелешки на колешката која што нервозно ги искажа, јас мислам дека нема потреба да организирам други форми на разгледување на овие закони, затоа што најпогодно место за вакви закони е токму Комисијата за труд и социјална политика и јас тоа го имам направено. А друго прашање е дека некој не сака да го слушне албанскиот јазик. И моето инсистирање е да се почитува Охридскиот договор, но и Уставот е тоа , да биде во употреба албанскиот јазик. Јас тоа го користам, а некој го смета , го разбира како политички маркетинг, тогаш има проблем со својот менталитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Министерството за труд и социјална полиитка, јас ќе настојувам да бидам краток во моето излагање по однос на овој закон , бидејки имам намера да сугерирам нешто до претставниците на Министерството. Би почнал со една ваква констатација. Бидејки многу колеги пред мене говореа за законот , образложија што е, како е по однос на предложеното законско решение. Јас сакам да се сконцентрирам на една работа, а тоа е главата 6-а, односно тоа е новината која е воведена во однос на овој закон , семејното насилство. Зошто го говорам ова? Од претходните дискутанти слушнав

дека и тоа е табу тема и не е табу тема. Јас овој податок дека  всушност семејното насилство не е табу тема во Република Македонија ќе го поткрепам со денешниот број на “Дневник” каде што во рубриката Хроника на пола страна пишува за семејното насилство. И посебно сакам да го потенцирам она во делот каде што пишува дека  скопјани годинава  убедливо водат , се на црната листа со дури 16 пријави за злоупотребување на деца. Значи,  сакам да кажам дека тоа не е табу тема, посебно во Градот Скопје овој проблем не претставува табу тема и треба да се разговара и да се решава овој проблем. Зошто го говорам ова? И  од претходниот дискутант Елеонора Петрова беше предложено посебно овој дел семејното насилство да се издвои како посебен закон. Тоа што говорев на почетокот дека ќе сугерирам, тоа е всушност тоа зошто ова го сугерирам до Министерството за труд и социјална политика. Во последниве месец дена сосема случајно успеав да консултирам слични вакви закони, или приближно слични вакви закони воХрватска и во Словенија каде што овој сегмент семејното насилство е посебно издвоено како законско решение. Јас би апелирал и до претставниците на Министерството во иднина ако се успее тоа да се направи и во Република Македонија и со тоа ќе се покаже дека напротив ова не е табу тема. И она што секојдневно го пишуваат по весниците и  го кажуваат по медиумите ќе го покриеме со едно одвоено законско системско решение. Мислам дека оваа сугестија претставниците на Министерството за труд и социјална политика ќе ја сватат добронамерно, бидејќи ви реков , имам консултирано сосема случајно некои проекти и би можело тоа и да се реализира во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставнци на Владата, колеги пратеници,

Денеска, навистина имаме еден интересен закон, една материја која подолго време од 1992 година не е третирана и беше крајно време после 12 години да се третира на еден ваков начин со регулатива која што сега ја гледаме во Законот за семејство, поточно во измени и дополнувања на Законот за семејство. Не е случајно што еве предизвикува внимание со дискусии кои што како пратеници ги даваме овде со цел на некој начин да придонесеме кон некое подобро решение.

Најнапред, би сакал да кажам дека обидот односно мотивите поради кои што предлагачот се одлучил да интервенира во Законот се повеќе од очигледни, апсолутно потребни и апсолутно држат место. Значи, трите сегменти со кои што се настојува да се интервенира со измени во Законот во делот на правата на детето, во делот на семејното насилство и во делот на посвојувањето се навистина и тоа како потребни да се регулираат, затоа што и праксата, но и сето она што се случува во Република Македонија и пошироко, ја наметнува потребата да имаме една законска регулатива, која мораме да напоменеме во овој закон како основен закон каде што станува збор за семејство, до сега ги немавме. Можеби кај делот на правото на детето постоеја одредени регулативи и тоа во делот на правата на родителите и децата, но во оној сегмент во таа стара постојна регулатива не можеше ниту да се види ниту да се забележи дека детето се третира како субјект. Повеќе беше во улога на објект и тоа беше една од причините, поради што мораше да се прави измена на Законот. Покрај онаа конвенција, Европска конвенција за заштита на правата на децата која сме ја ратификувале и покрај сите други европски конвенции, кои што како потписници сме должни да ги инкорпорираме во нашето законодавство.

Пред да елаборирам по однос на моето видување, би сакал да ги поддржам оние колеги пратеници, кои овде искажаа забелешка во делот на процедурата со поднесувањето на овој закон, поточно сеј предлага овој закон да го разгледаме како предлог на закон, што значи во една фаза, сметам дека и материјата е доста чувствителна и овие се работи во секој случај во оваа материја претставуваат новина. Сметам дека навистина требаше поголема дебата и овде во Собранието, но и од јавното мислење и да се вклучат сите оние здруженија, па и не само здруженија, туку и стручни лица кои што можат да дадат поголем придонес кон доаѓање на една иста цел, а тоа е што подобра регулатива.

На почеток, јас би предложил овој закон да оди во нормална процедура, поточно сега да го разгледаме како предлог за донесување на закон со сите оние забелешки кои што овде ги искажуваме, а потоа во втора фаза да дојдеме со пречистен текст. Не е тоа само од причини поради што регулативата е нова, туку факт е дека доста членови се менуваат, факт е дека Законот навистина добива една нова содржина и дури можеше да се направи комплетно нов закон. Да речеме комплетно нов закон за семејство, што во секој случај би било полесно и за примена.

Второ, сега почитуваниот министер тука сега искажа резерва, не од аспект на тоа дека нашите забелешки не држат, туку од аспект на тоа дека времето е причина,

поради која што ете тој како предлагач не можел да си го дозволи тоа од проста причина што има други закони кои што можат да го успорат донесувањето на овој закон. Меѓутоа, според мене, не е толку времето причинител и не е толку времето проблем, затоа што на крајот на краиштата кога од 1992 година до сега можевме да чекаме, можеме да почекаме уште некој месец се со цел да се дојде до еден квалитетен закон и се со цел што повеќе да се вклучат јавното мислење, стручните лица, и оние здруженија кои овде нас како пратеници ни се обратија со нивни сугестии, со нивни барања, со нивни амандмани итн., кои навистина ако ги прочитаме и ако ги разгледаме тука има доста квалитетен и коментар, но и квалитетни амандмани. Морам да кажам, за жал, од познати причини овие седници кои секој ден ги работиме и не бев во можност некои од тие амандмани овде да предложиме и јас како пратеник и дел од пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ. Сега, на тој начин ни е скратено на некој начин правото и заради тоа е она мое залагање за редовна процедура на овој закон како аргумент повеќе.

Да се задржам на законот. Во основа сите три причини, главните причини поради кои што се менува законот навистина држат и има потреба и тоа не е спорно. Да одиме со ред. Кај дел на правата на детето, предлагачот прави обид врз основа на Европската конвенција да ги усогласи одредени одредби, кои што на некој начин веќе се во Законот за семејство да ги усогласи со конвенцијата. Меѓутоа, морам да признам дека нешто кој знае колку во делот на она дека детето треба да премине од објект во субјект, којзнае колку и не се прави, затоа што и членот 6 и членот 7 и 8 и 9, кои сега се менуваат на некој начин не е никаква новина, само е некоја нова формулација во согалсност со Европската конвенција. Инаку, таквата регулатива постоеше и досега. Тоа дека детето треба да биде издржувано од родителите, тоа дека треба да се грижат за детето итн., и досега беше регулирано, можеби не со вакви зборови и со овие термини, но сепак постоеше. Единствената можеби новина каде што се гледа дека на некој начин сега детето треба да се третира како субјкект е членот 10 од измените на овој закон, ставот 2, каде што овде сега се наведува дека при определувањето на личните односи, непосредни контакти на детето со родителот, Центарот за социјална работа го информира детето и ги зема предвид неговите ставови и мислења. И, во зависност од возраста и степенот на развиток го известува за можните последици од одлуките. Велам дека во некои случаи овде станува детето како субјект, иакоа можеби не е во потполна форма, затоа што самиот текст во став 2, се гледа дека само Центарот за социјални грижи има обврска

согласно овој став да ги земе предвид неговите ставови. Тоа значи дека не мора да значат дека ставовите на детето би биле и пресудни при одлучувањето на Центарот при доделувањето или определувањето на личните односи и непосредните контакти. Значи, ги зема предвид и го известува за евентуалните последици. Тоа е она што овде се кажува. И во делот на Европската конвенција за заштита на детето од прилика така и стои, меѓутоа, ако сакаме потполн субјект детето навистина да го изградиме во фаза на потпол субјект, ми се чини дека треба да се додаде она во зависност од годините, во зависност од степенот на неговиот развој психолошки, да може во дадени одлуки кога треба детето да се додели на определување на личните односи и непосредни контакти, неговото мислење да биде пресудно. Тогаш, детето би било апсолутно во улога на субјект.

Членот 13, исто така, предвидува едни нови решенија и тука јас би сакал, иако во основа го поддржувам начинот на кој што се прави обид да се регулира една работа која што во пракса е многу честа, а тоа е наисполнување на обврските од страна на родителите во правец на неисплаќање на обврските кои што ги има, парични, непочитување на решението на Центарот итн. Мене ми е јасно и познато поради што сега ова се поставува како проблем, затоа што во праксата многу често се користат вакви работи, да не се почитува решението на Центарот за социјални грижи, да не се исполнуваат обврските од страна на родителите и во најчестите случаеви тука страдаат децата. Обидот кој што сега се прави со член 13 навистина е поригорозен во однос на родителите, со самиот факт што доколку н е се почитуваат решенијата и тоа наведено повеќе од три пати, или повеќе од два пати во зависност од тежината на она што се казнува, можеби ќе даде позитивни резултати во делот на дисциплината кај родителите дека треба да ги спомнуваат своите обврски, со тоа што ќе му се запрети доколку тоа не го направи дека ќе му се ограничат контактите со децата итн. Тоа како една примарна цел можеби ќе биде постигнато, но како секундарна да не заборавиме дека во таков случај, неминовно дека повторен виновник, односно казнето ќе биде детето на некој начин. Затоа што, децата вака или онака, нормално како секое дете сака да има контакт со двата родители. Сега, заради непочитување, кое апсолутно не е оправдано, меѓутоа, велам како секундарен казнет во оваа ситуација ќе се најде и детето. Незнам, што јас тука би предложил да се измени или да се додаде затоа што ако се третира од позиција на детето да го ставиме и она досегашно решение, знам дека во праксата не само што ќе биде злоупотребувано, туку и тој процес на непочитување на одлуки

ќе расте. Така, ова го наметнува само како едно мислење, а свесен сум дека нешто мора да се преземе во тој дел.

Инаку, мора да признам дека овој закон навистина има и добри решенија. Не значи ако сме опозиција дека треба се да критикуваме и би рекол она што е добро е добро. Еве, еден таков добар членот 14 кој што регулира што е злоупотреба, што е грубо занемарување на родителите, затоа што досега немавме едно такво дефинирање и многу пати можеше да се поведуваме врз некаков субјективизам, или тоа да го ставаме да го определува некој, а за тоа да направи погрешна проценка. Овде тоа чисто и јасно се регулира. Со законот, имајќи пак ги предвид она што во пракса често ви се случува мислам дека една ваква одредба беше поребна, за да можеме правилно да го примениме законот, затоа што се што е регулирано, не дава можност да се толкува вака или онака. Тоа е како зтанува збор за правата на децатата.

Втората причина или новина во Законот за семејство што овде ни се нуди, тоа е семејното насилство, кое сега носи глава нарушени односи и насилство во бракот и семејството. Морам да признам дека беше апсолутно потребно ова да се инкорпонира во Законот. Да не заборавиме дека еве и иколегата Анастасовски кажа во својата дискусија дека семејносто насилство ако долго време пртставувало баук во Република Македонија, оваа последна огидна или последни години можеме да кажеме дека се повеќе сме сведоци на се поголема присутност на семејно насилство, се повеќе граѓаните се запознати со одредени случувања, кога навистина кога ќе ги слушаме и гледаме, се згрозуваме како граѓани дека и тоа ни се случува. Факт е дека Република Македонија не е изолирана од случувањата кои што се случуваат во Европа и во светот, така што неслучајно постојат и конвенции за цела оваа работа. Мора да признам една работа дека долго време Република Македонија и ние како законодавен дом, па и Владата, ова не го третиравме во Законски решенија, семејното насилство, се до оној момент додека кривичното законодавство односно кривичниот закон не претрпи измени, каде што, да ве потсетам, донесовме измени на кривичниот закон каде семејното насилство си го доби местото и во самата кривична регулатива, покрај оние кривични дела кои што можеби опфаќаа на некој начин инкриминации кои можат да се поведат како семејно насилство, делото на телесни повреди, убиства, против природен блуд итн. Значи, покрај тие кривични дела кои постоеја се воведоа и кривични дела кои го третираат конкретно семејното

насилство. Сега, јас овде не би ги набројувал, за да не губиме време, само би се задржал на она што е регулатива овде.

Морам да напоменам дека семејното насилство мора да се посматра како еден комплексен проблем. И, доколку го оставевме проблемот да го регулираме само во кривичната материја, тогаш се наоѓаме во една ситуација да не можеме да делуваме превентивно на спречување во доаѓање на семејно насилство. Да го решаваме само откако ќе се случи со мерки на казна. Од прилика тоа е целта на кривичното законодавство или пак да ги заплашуваме сторителите дека доколку сторат таква работа ќе бидат казнети. Самите казниви дела, самото кривичн гонење или казнивост кај сторителите не е и првентива, затоа што нечесто оние кои се решени да направат одредени криминации, казната многу не ги плаши и заради тоа е потребно да се најдат одредени начини, со кои што превентивно ќе се заштитат оние кои се жртва. Морам да напоменам дека во случајот на семејното насилство примарна жртва е жената, но секундарна, да не заборавиме, е детето. Така, она што до донесувањето на кривичниот законик, измените во Кривичниот законик во Република Македонија тотално беше баук поимот семејно насилство. Проблемот почна да се одмотува со самото донесување на измените во кривичниот законик и дефинитивно сега со овој закон, со регулирањето на материјата на семејното насилство онаму каде што му е место, а тоа е во Законот за семејство, се прави една комплексна целина, од каде што навистина ќе поттекнат и други начини како да го спречиме она што е нужно зло во Република Македонија.

Сега, тука има една разлика која би сакал да ја потенцирам, во Законот за семејство, прво е многу битно што се дефинира што е семејно насилство, затоа што да знаеме што треба да примениме и кој е жртвата и кој може да биде предизвикувач односно извршител на насилство, тоа мора да биде регулирано, да имаме јасна регулатива. Она што токму го кажа и министерот, тоа се двата члена 94-б и 94-в, кои што го дефинираат поимот на семејно насилство, дефинира што е жртва и дефинира кој е извршител и кој може да биде извршител на насилство. Мислам дека добро и сеопфатно опфатено и дефиницијата е добра, а и сеопфатно е опфатено поимот што е извршител на насилство. Затоа што, ако во оваа регулатива пропуштиме некој кој може да биде извршител, на некој начин сме го пропуштиле. Заради тоа е потребна една ваква широка констатација на можни извршители.

Она што е особрено битно во Законот за семејство треба да стојат оние мерки кои што можат да придонесат за заштита од насилство, особено на семејно

насилство и тоа со оние членови кои доаѓаат понатаму. Тоа е членот 94-г, каде што овој пат со еден добронаправен член Центарот за социјални грижи добива и конкретни овластувања, кои што преку мерките кои ги има сега во Законот, може да делува во случаеви каде што навистина беше потребно и недостасуваше една регулатива како одредени работи да ги спречиме или на некој начин да ги заштитиме, особено жртвите. Тоа се она нужно сместување, соодветна заштита, здравствена, психосоцијална интервенција и третмани итн., да не ги бројам сите, во секој случај тоа е она што сега не разлилкува од казнената материја. Значи, доколку го немаме ова, се ќе се сведе само на некоја казна и заради тоа комплексно треба да го гледаме проблемот на насилството и апсолутно потребна работа односно апсолутно она што недостасуваше беше и давањето на привремената мерка. Морам да кажам овде до мене беше доставено како пратеник и едно мислење од Здружението за правата на децата или Меѓаши, што има едно мислење, кое навидум вака е доста добро, иако со се не би се сложил. Морам да потенцирам дека, барем во делот на семејното насилство, покрај оние превентивни м ерки за кои се залагаат и кои држат место, сепак кога се прави една регулатива во овој закон, мора да ги определиме конкретните мерки, а превентивните мерки се решаваат на еден друг начин, за кој и министрот знае, а не се надлежност на Законот. Тоа и министерот го кажа во своето уводно излагање. Значи, самиот закон како закон ниту овој ниту кривичниот нешто ќе реши доколку не направиме една лепеза на повеќе мерки, повеќе освестување, повеќе едукации итн., сите заедно да дојдеме до спречување на оваа појава. Тоа мора да се прави, не само на ниво на закон, туку и на ниво на што повеќе едукации.

Инаку, барањето за привремената мерка и давањето на привремената мерка во случајот на семејното насилство е токму она што може би и недостасуваше овде, токму заради тоа да се спречи некоја потешка последица. Исто така, морам да кажам дека и досега Законот за семејство во одредени свои регулативи каде што одлучува за одредени прашања имало вакви регулативи, но бидејќи не постоел поимот семејно насилство, мораше и вака да биде регулирано.

Јасно е кој може да го поднесе барањето. Тоа е Центарот за социјални работи. Сега тоа е новината, само со согласност на жртвата на семејното насилство. Разбирливо е зошто е тоа така бидејќи сепак станува збор за семејни односи и нормално е дека жртвата е таа што треба да одлучи дали ќе поднесе едно такво

барање, а не некој во нејзино име. Тука се наброени кои се тие привремени мерки и не ги сакал да ги читам, времетраењето и тн.

Посвојувањето како трета причина, доста дискутабилна материја. Сите ние добро знаеме што се во делот на посвојувањето се случува. Јас апсолутно го поддржувам тоа што министерот го кажува во делот, кој е тој што треба да донесе одлука за посвојување, бидејќи сум имал и прилика, во тоа време кога работев како адвокат, имав можност да видам како тоа се работи, какви се злоупотреби може да се случуваат и не малку судски процедури имаше, ги има и сега, нормално се до донесувњето на овој закон. Лоша беше регулативата на оној затворен круг кога еден одлучува, па преку друг и повторно тој, децата да се посвојуваат од некакви лични интереси и секогаш се запоставуваше интересот на детето што треба да знаеме дека е многу битен основ. Овде, со обидот преку комисијата која е составена од пет члена, а се бира од министерот за труд и социјална политика, заправо на предлог именувана од министерот, што е новина и каде што се бара стручност, во секој случај е подобро решение од тоа што го имавме. Се надевам дека во Република Македонија барем овие чувствителни работи се работат стручно.

Одредбите во делот на тоа кој може да биде посвоител, кој не може да биде и кој може да даде согласност за посвојување, исто така се решенија кои беа потребни и мислам дека се доста прецизни.

Особено би сакал да потенцирам делот во постапката што е регулирана во делот на посвојувањето.

Сега јас како правник, прво што ми паѓа во очи е дали една постапка е регулирана така како што треба да е регулирана затоа што најголем проблем во примената на еден закон, може да биде токму постапката. Можеме се да регулираме од материјален аспект, меѓутоа ако во постапката јасно не ги регулираме работите, како потекнува, кој може да издаде решение, се тоа што овде е предвидено, можеме да дојдеме до еден зачаран лавиринт од кој излез тешко може да се најде. Значи постапката, морам да признам, вака како што ни се нуди од страна на предлагачот е доста интересна.

Решенија кои ги сметам за добри решенија и нови решенија се сепак регистарот кој се предвидува, евиденција на регистарот. Значи се знае кој може да биде посвоител, но не на таа база како до сега, туку преку еден регистар каде Центарот ќе цени кој од таа листа на регистри е поподобен, нивната проверка и тн.

Решение кое за мене е добро решение, кога станува збор за интерес на детето при посвојувањето е периодот на адаптација и тоа не е само период на адаптација како регулатива, туку задолжителен период на адаптација. Сега Владата се одлучила на некој рок од шест до 9 месеци, сигурно дека имала проценки дека тој период е доволен и мислам дека е доволен период. Но, сметам дека навистина е потребно еден период на адаптација за да знаеме односно луѓето кои треба да одлучат при усвојувањето да знаат дали со еден таков адаптивен период се работи во интерес на детето. Значи дали  тоа семејство е семејство кое ќе му даде иднина на детето, согласно пак со сите претходни одредби што до сега ги дискутиравме. Не би се многу задржувал. Значи во основа тоа е постапката каде ги задржува оние решенија да оди преку комисијата. Одлуката ја носи Центарот и тн. Во секој случај, од она што до сега беше проблем во праксата, на овој начин, со овие регулативи може да се излезе од еден круг на проблеми кои до сега ги имавме.

И на крајот, кога го читав законот како првично мислев дека е испуштена судската постапка за семејното насилство, меѓутоа на крајот забележав дека со одредени измени и дополнувања на членовите дека е опфатена во вид на постапка за изрекување на привремена мерка за заштита од семејното насилство, регулирана, со тоа што за привремената мерка одлучува судија поединец, со скратени рокови, исклучена јавност и тн. Мислам дека е добро решение затоа што во овие случаи треба да има скратени рокови . Во овој случај таа работа треба да се решава побрзо и доволно е со судија поединец да се решава затоа што да се става совет за привремена мерка, за работи кои се од ургентен карактер, мислам нема потреба. Тоа само ќе не одолговлекува.

Во основа, според мене, решенијата што ни ги нуди предлагачот се добри.

Повторно ќе се вратам на почетокот, мислам дека беше потребно и сеуште е потребно поголемо запознавање на јавноста за да се дојде до еден впечаток дека не нудиме нешто на брзина, во смисла на тоа дека ако е брзо е лошо, но сепак да се запознае и јавноста со се тоа што овде е предвидено, што тоа значи во пракса, што тоа значело, колку од тоа се добива, колку губи и на крајот на краиштата да им дадеме простор на сите оние здруженија, на сите оние стручни лица кои на некој начин се осетија заобиколени. Мислам дека сепак делот во таа стручност, покрај онаа обврска од европските конвенции што ги имаме, мислам во тој дел и самата стручност би придонела кон уште подобри решенија од тие што ни се нудат.

Во основа јас ќе го поддржам овој закон. И на крајот пак би апелирал, до колку министерот чувствува потреба, ова да го сфати како конструктивен приод, да го повлече Предлог-законот и денес да завршиме со првата фаза, а за втората да ги вклучиме и сите други лица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Повелете господине Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, ппочитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Јас ќе се осврнам во делот на законот кој се однесува токму на постапката за изрекување на привремени мерки и најпрвин би кажал дека навистина станува збор за еден извонредно квалитетен текст. Го делам мислењето на повеќето од колегите што го зборуваа дека станува збор за квалитетен закон. И она што посебно ме радува е тоа што мислам дека предлагачот најде една извонредна формулација во поглед на дефинирањето на семејно насилство, па во тој контекст членот 94-б кој во првиот став кажува дека под семејно насилство се смета однесување на член на семејство кој со примена на сила, закани и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално сексуално или работно искористување на друг член на семејството, навистина претставува еден квалитетен одрас на дефиниција што всушност се подразбира под семејно насилство. Меѓутоа, јас и во ЗПК искажав сериозни забелешки од правен аспект, токму на привремените мерки кои се предлагаат во овој закон и лично сметам, не го делам тука мислењето на претходниот дискутант дека е во согласност, пред се со други соодветни изрази во одделни закони, а пред се мислам на Законот за извршна постапка каде што во членовите 266, 267 и 268 точно се дефинира поимот што е тоа привремена мерка. Зошто ова го велам? Мислам дека сеуште имаме можност одредбите што лично мислам дека во членот 94-е, треба да останат во сила или да најдеме посоодветен термин за да не дојдеме до судир, повторувам со одделни одредби од соодветни закони каде што ни се групираат и точно правилно се дефинираат и формулираат видовите на привремените мерки. За што станува збор?

Во членот 94-е се вели дека Центарот за социјална работа до колку има сознание дека се извршени дејствија од член 94-б, поднесува барање до надлежниот суд за изрекување на привремена мерка. Кои се странки, односно кои се

учесници во една судска постапка, бидејќи привремена мерка изрекува судот. Најотворено кажувам дека Центарот за социјална работа не може да биде странка или учесник во таа постапка, од причини што Центарот за социјална работа дава само мислење дали е потребно или не е потребно издавање на една таква мерка, односно и при доделување, воспитување и одгледување на децата на пример во постапка при развод на брак. Тоа е надлежниот стручен орган кој дава таква постапка. Повторувам, странки во постапка, затоа и почнав со дефиницијата што повторувам дека е извонредна, мислам дека тоа се потесните членови на семејството кои можат да покренат таква постапка. Од тука, навистина ставам една сериозна забелешка, не знам дали министерот ја погледа мојата дискусија од Комисијата, мислам дека може да се најдат соодветни термини или изрази. Инаку привремена мерка, согласно одредбите што ги прочитав на членовитер 266, 267 и 268 од Законот за извршна постапка, подразбира две околности за таквата мерка да се донесе, а тоа е веројатност на побарувањето и спречување на ненадоместливи штетни последици. Така да, да не се доведеме, во судските постапки, бидејќи одлучува судија поединец, веројатноста на побарувањето или спречувањето на ненадоместливи штети и последици, да дојде до израз само по барање или по предлогот на Центарот за социјални работи. Што ќе се случи, поставувам отворено прашање, до колку жртвата на семејното насилство го измени исказот пред надлежниот судија, а веќе е донесена одредена времена мерка, или е во фаза на донесување. Ќе наидеме на страшно практични проблеми. Во членот 294-е вели “При исклучокот од став  1 на овој член, судот ќе донесе одлука во рок од три дена доколку постои основано сомнение дека постои сериозна опасност по животот и здравјето на член од семејството”. Овде доаѓаме до испреплетување на надлежности помеѓу одредбите од Кривичниот законик и одредбите од Законот за семејство. Лично мислам дека постои една правна пречка. Во тој правец можеби е потребна една дополнителна консултација со надлежното Министерство за правда. Треба стрикно да се знае и да се прецизира под која казнена одредба ќе се оди. Дали тоа ќе бидат одредбите на Кривичниот законик што по мое мислење е најдобро решение, или ќе се применат, а со тоа и посериозно ќе се зафатиме во делот на овој закон да ги регулираме таквите прашања.

Инаку сакам јавно да кажам дека го поддржувам овој закон во целост, со овие забелешки кои ги кажав, а за кои мислам дека ќе с има сила и доблест сепак да се надминат, во интерес на потполно утврдување на оваа материја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Има оправдување во тоа што го кажува господинот Томиќ, има и додатна работа. Имено го прескокна членот 94-ж. Тука е предвидено кој поднесува предлог за изрекување на привремена мерка: брачниот друга, родителите, децата и тн., сите тие кои можат да се подведат како странки. Сега тие го поднесуваат предлогот до Центарот за социјални грижи, а Центарот токму како стручен орган треба да провери. Треба да провери дали тие предлози кои дошле од овластените лица, се основани. Значи првата фаза е во Центарот. До колку се основани тој иницира постапка пред судот. Тоа е интенцијата и не гледам причина толку да се повикуваме сега на ЗИП или на незнам што. Во основа целта треба да се постигне и не гледам никаква правна причина или пречка за тоа што зборуваше господинот Томиќ. Мислам дека е опфатено со член 94-ж, не се елиминирани лицата кои по закон се овластени да поднесат предлог. Меѓутоа додаден е Центарот како стручно тело кое треба да ,а оцени пред се потребата, односно основаноста на таквиот предлог и доколку оцени да иницира пред таков суд.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Томиќ имате една минута контра реплика.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Го почитувам тоа што почитуваниот колега го искажа.

Јас само потенцирам дека Центар за социјална работа не може да биде учесник во оваа постапка. Колега Караџоски погледајте го членот 94-е. Јас не случајно го потенцирав. Центарот за социјална работа до колку има сознанија дека се извршени дејствија од членот 94-б, поднесува барање до надлежниот суд за изрекување на мерка. А токму тоа што го кажавте во членот 94-ж, добро стои кој може да стои. Мислам дека треба да отпадне оваа одредба од членот 94-е, а да остане само членот 94-ж.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Во врска со оваа забелешка што ја изнесе пратеникот Томиќ и на ЗПК ние уште еднаш го консултиравме Министерството за правда и Министерството за правда испрати допис во кој се вели дека Министерството за правда го поддржува

донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за семејство и на предлог на Министерството за правда, ставот 2 во членот 94-з е донесен, со кој се предвидува на предлог на Центарот, привремената мерка да може дури и да се продолжи, што значи од соодветното министерство тоа е исчекирано и дадено е мислење дека е сосема во ред. Дури е даден предлог Центарот да даде предлог да може привремената мерка да се продолжи. Со тоа во рамките на Владата ние ја постигнавме таа потреба од усогласување со Министерството за права и како што спомна и пратеникот Караџоски во својата дискусија, целиот процес одеше симултано меѓу правда, со промените во Кривичниот законик и овој закон. Така што според нас, вака како што е уредено е сосема во ред. Без никакви проблеми може да се спроведе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам министре.

Повелете господине Јашари имате збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседател.

Немав намера да говорам, но имајќи го предвид фактот дека во ЗПК токму јас бев тој член кој предложи овој Предлог-закон да се расправа во редовна постапка и во тој контекст ќе кажам два-три збора зошто во ЗПК предложив овој Предлог-закон да се разгледува во редовна постапка, а не во скратена, така како што е предложен од страна на Министерството. Тоа го предложив поради фактот, поради барањето на една невладина организација која ми понуди еден материјал со кој, со своите сугестии бараше овој закон, поради значењето што го има да се разгледува во редовна постапка за да може во втората фаза, односно меѓу двете фази свое размислување да може да дадат и разни експерти, граѓани на Република Македонија. Но, и покрај тоа, да ви ја кажам вистината. По добивањето на амандманите предложени од ова здружение, правејќи анализи меѓу тоа што се предлага од тоа здружение и тоа што е предложено, односно предложениот закон од предлагачот, дојдов до една констатација дека здружението кое ни ги понуди амандманите, во 70% од случаите бараше да се одложат понудените решенија од предлагачот а само во некои случаи нудеше предлози и измени, во согласност со тие што се понудени од предлагачот во овој Предлог-зако. Јас мислам дека понудените предлози се од голема корист и се согласуваат со состојбата што е присутна во Република Македонија.

АДНАН ЈАШАРИ: (Продолжение)

Токму тоа е причината зошто ќе го подржам Предлогот од Министерството за труд и социјална политика и ќе гласам за овој предлог закон.

Но, покрај тоа, кога сум овде, сакам да кажам два три збора во врска со причините за измените кои се нудат во овој закон.

Првенствено како што се кажа од претходните дискутанти по овој Предлог закон се нудат и измени од аспект на измени на статусот на детето кое сега од објект, така како што е во постојниот закон сега станува субјект со одредени обврски. Велам вака затоа што на детето му се дава можност во одредени постапки да го изрази тоа што мисли, своите идеи, размислувања кои можат да се земат во предвид од страна на органот од кој  се дава оваа понуда иако не значи дека органот во согласност со овие размислувања понудени од страна на детето ќе одлучува, бидејќи нормално во оваа насока ќе се земаат во предвид многу други околности.

Ќе повторам уште еднаш дека преку овие предлози детето е веќе субјект со права и обврски утврдени со семејните правни односи.

Друго прашање кое има големо значење е прашањето на регулирањето, можеби за прв пат во овој закон, на таканареченото семејно насилство, насилство кое е присутно во нашите семејства и така како што е предвидено во предложениот закон насилството во семејството може да се преземе од сите членови на семејството било од членовите на семејството или од друг член на детето, од брачните другари и во овој контекст предлагачот го регулирал на детален начин ова прашање и на професионален начин што е за поздравување.

Ова посебно го велам поради тоа што во последно време се знае колку е присутно насилството во нашите семејства и тоа беше причината зошто насилството во семејството е санкционирано и предвидено со Кривичниот законик како кривично дело.

Друго прашање кое треба да се спомне е и прашањето кое на еден начин е регулирано со закон за посвојување како посебен закон во оваа област, но и покрај тоа добро е во оваа насока законодавецот предвидува неколку измени кои би сакал да ги поздравам.

Ви благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Ги молам пратениците да седната на своите места.

Во салата имаме 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството.

Ве повикувам да гласаме.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника, од кои 55 за, 1 воздржан, 7 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на  предлогот на законот

Владата на  Република Македонија поднесе амандмани на член 94-б став 1 и 2; член 94-в став 1 и 2; член 94-г став 1, 2, 4 и 5; член 94-ж став 3; член 94-е точките 9 и 10; член 104-д во третиот ред и за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 104-ѓ за додавање нов став 3, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Лилјана Поповска и Благородна Мингова-Крепиева поднесоа амандман за додавање нова глава В-б и нов член 279-з по новиот член 279-ж, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Ана Андова и Славица Грковска поднесоа амандман на член 19 за бришење на новиот член 100-в, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Поповска, Благородна Мингова Крепиева и Ана Андова поднесоа амандман на член 15 во новиот член 94-г став 1, за менување на став 3 и

на став 4; на член 20 за бришење на точката з) и на точка ж); член 23 во новиот член 104-в став 1 и на член 23 во новиот член 104-г, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на член 1; член 3 став 2; член 10 во воведната реченица за менување на став 1 и на став 4; член 13 став 6 кој се однесува на постојниот став 3, на став 7 и за менување на став 8; член 15 во новиот член 94-г став 5; член 15 во новиот член 94-е во воведната реченица; член 18 став 1, 2 и 3; член 23 во воведната реченица; член 23 во новиот член 104-а став 1 и на став 2; член 23 во новиот член 104-в став 1; член 23 во новиот член 104-и став 5; член 27; член 29; член 33; член 35 во воведната реченица и на член 35 во новиот член 279-в став 1 и на став 2.

Тоа се поднесените амандмани.

Имаме уште 10 минути, па да почнеме со амандманите.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава В-б и нов член 279-з по новиот член 279-ж, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Благородна Мингова Крепиева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 по новиот член 100-в, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Ана Андова и Славица Грковска

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 во новиот член 94-г став 1, за менување на став 3 и на став 4, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Благородна Мингова Крепиева и Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за бришење на точка з) и на точка ж), поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Благородна Мингова Крепиева и Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во новиот член 104-в став 1, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Благородна Мингова Крепиева и Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во новиот член 104-г, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Благородна Мингова Крепиева и Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Колку ќе ни ја олесневте работата да бевте присутен на Комисијата.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во воведната реченица за менување на ставот 1 и на став 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 6 кој се однесува на постојниот став 3, на став 7 и за менување на став 8, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на Член 15 во новиот Член 94-г став 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Ве молам, прифаќаме амандмани, после имаме продолжување по текстот на законот. Бидете внимателни.

Отворам претрес по амандманот на член 15 во новиот член 94-е во воведната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, 2 и 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во воведната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во новиот член 104-а став 1 и на став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во новиот член 104-в став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во новиот член 104-и став 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 во воведната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 во новиот член 279-в став 1 и на став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од предлог текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, цело време добро ве слушав да не ги изгубам оние три - пет секунди, мислам дека го фатив редот.

Токму за ова почитуван министре ви зборувам. Затоа се залагавме да оди во две фази. Јас не можев да избројам колку точно амандмани, еве ми кажуваат дека имало 19 сите прифатени од ваша страна, тоа е ретко да се слушне од Влада, ако поднесевме и ние и нашите сигурно ќе беа прифатени и со тоа се потврдува она што го зборувавме дека оној основен текст кој ни го предложи Владата сега имаме можеби сосема нов текст и ако тука ги додадевме мислењата од стручните служби, од стручните лица, од здруженијата кој знае каков текст ќе добиевме.

Заради тоа, баравме да се расправа како прва фаза и да одиме во втора фаза, можеби додека созрееше втората фаза ќе добиевме сосема друг ткст. Еве, ова е конкретен доказ со амандманите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да беше министерот на местото на повереникот, немаше ни да ги читам овие 19 амандмани.

Повелете господине министре.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

16 амандмани се од Законодавно - правната комисија. , поголем дел од нив се од правно - технички карактер, заради прецизирање и од тој аспект тие не влијае суштински на одредбите, така што сосема се прифатливи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во секој случај јас настрадав, бидејќи немаше да читам толку.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор. но имате уште три минути, бидејќи во 13,оо часот правиме пауза.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Не е реплика, нема да ви го задржам вниманието, точно е дека се 16 амандмани кои ги поднесе ЗПК, меѓутоа имаше три амандмани од колешките Благородна Мингова - Крепиева, Славица Грковска, е таму имаше во членот 94-г став 3, колку што паметам, една суштинска измена каде сознанијата за семејното

насилство покрај Центарот за социјални работи треба да ги дадат и другите служби кои се во непосреден контакт.

Значи, сепак се работи, да го демантирам министерот, за суштински забелешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Министре, дајте да го ставам на гласање.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Јас мислев дека е апсолвирано во претходниот дел на расправата, затоа што беше посочено дека повеќето амандмани што се настанати како резултат на дополнителни консултации со невладиниот сектор се прифатливи и токму тие се суштинските одредби и се содржани во амандманите на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од кои 63 за, 1 воздржан и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството.

Точно во 13,оо часот завршивме.

Објавувам пауза до 14,оо часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 27-та точка од дневниот ред.

**Нацрт на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост**

Нацртот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претре, молам кој бара збор?

Има збор г-динот Димко Кокароски, заменик министер во Министерството за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во оваа пригода како вовед би се задржал само на некои аспекти на Нацрт законот, со оглед дека во собраниската расправа започнува втора фаза , а во претходната фаза опстојно се расправаше по Предлогот за донесување закон.

Најнапред би нагласил дека се работи за нацрт закон, кој по својата природа е реформски, односно се задржува реформскиот правец во уредувањето на прашањето на државната сопственост.

Имено, процесот на приватизација на општествената, односно државната сопственост во Република Македонија во повеќе сегменти е во завршна фаза , како што е случајот со општествените станови и претпријатијата, или пак е во тек, како што е денационализацијата на поранешната сопственост.

Градежното земјиште кое не е приватизирано е во сопственост на Република Македонија и на него во најголем дел постои право на користење на физички и правни лица, а кое право било дадено согласно прописите, со кои биле регулирана општествената сопственост.

Тргнувајќи од уставната определба дека сопственоста создава права и обврски, Република Македонија кон градежното земјиште во нејзина сопственост, треба да се однесува како и сеој друг сопственик со сите права и обврски кои произлегуваат од сопственоста, или поинаку кажано државата како титулар на сопственоста има неприкосновено право да располага со земјиштето на начин за кој смета дека е најрационален за граѓаните и за државата.

Според Уставот на Република Македонија темел на општествено економскиот систем е приватната сопственост. Одтука, се она што не е потребно за остварување на функциите на државата, треба да биде предмет на приватизација.

Во таа насока, градежното земјиште во државна сопственост на кое постоја кориснички права, има потреба да се приватизира, а што е предмет на овој Нацрт закон. Со приватизацијата ќе се постигне најрационално стопанисување со градежното земјиште, пред се, имајќи го предвид слободниот промет, даночните ефекти од прометот и од правото на сопствреност.

Тргнувајќи од значењето на приватизацијата на градежното земјиште, од чувствителноста и сложеноста на прашањата кои треба да се уредат, определба е приватизацијата на градежното земјиште да биде процес во кој во постапката што е определена со одредбите од овој Закон, соодветно ќе се применува и Законот за општата управна постапка, а правната заштита на имотните права и интересите на државата ќе ги врши Јавното правобранителство на Република Македонија .

Решенијата во нацртот на законот во однос на условите и на надоместокот за приватизацијата на градежното земјиште, поаѓаат пред се од начинот на стекнување на државната сопственост на градежното земјиште и истиот е појдовна основа, односно критериум во определување на обврската за надомест.

Поаѓајки од ова , во случај кога корисниците на градежното земјиште се лица од кои државата ја одзела сопственоста на градежното земјиште без одземање од фактичко владение и без надомест, приватизацијата на градежното земјиште ќе се врши без обврска за плаќање надомест, бидејќи државата во однос на ова градежно земјиште немала и нема побарување.

Со овој Нацрт закон такстативно се утврдува кога се смета дека постои обврска за плаќање надомест, односно таква обврска не постои. Висината на надоместокот за градежното земјиште, што е предмет на приватизацијата се предлага со пропис да ја определува Владата на Република Македонија .

Сакам да нагласам дека приватизацијата на градежното земјиште, предвидена со овој закон не претставува обврска за досегашниот корисник, а уште помалку присилба. Затоа, дадена е можност, ако корисникот не сака да го приватизира земјиштето, правото на користење да продолжи во вид на долготраен закуп.

Висината на закупнината , како и кај приватизацијата на градежното земјиште се предлага да ги определува со пропис Владата на Република Македонија .

Тргнувајќи од уставната определба за грижата на Република Македонија за социјалната заштита и зоцијалната сигуронст на граѓаните се предвидува право на времено ослободување од обврската за плаќање на надомест за градежно земјиште, приватизација, долготраен закуп и времено право на закуп, но само за лица кои со акт на надлежен орган стекнале статус на корисници на социјална помош, како и лицата изедначени со нив, а тоа се корисници на постојана парична помош и деца без родители, родителска грижа до 18 годишна возраст, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст, ако се на редовно школување , се додека користат право на социјална заштита.

Согласно нацртот, постапката за приватизација на градежното земјиште и за утврдување на правото на долготраен закуп се покренува по барање на корисниците на градежно земјиште, на начин детално утврден во Нацрт законот.

Со посебните одредби се одредени специфични односи , поврзани со приватизација на градежното земјиште, имотно-правните односи, кои произлегуваат

од приватизацијата на градежното земјиште и се утврдуваат случаите кога е во јавен интерес на предлогот на Јавниот правобранител да може да престане правото на користење на градежното земјиште. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Кокаровски.

Збор има пратеникот Ангел Димитров, а нека се подготви пратеникот Лилјана Ивановска.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Нацрт законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост е еден од најдобро подготвените закони кој што досега го имаме добиено на разгледување. Ова не е само затоа што се земени мислењата и предлозите од првата фаза, туку станува збор за целосно добро конципиран и изработен закон, со јасни и прецизни одредби, кои ќе овозможат негова едноставна примена.

Инаку, се работи за закон кој регулира не така едноставна материја, која не е доволно позната не само кај граѓаните, туку и на пошироката стручна јавност.

Приватизацијата на градежното земјиште претставува уште една логична и разбирлива фаза од севкупната трансформација на општествената, т.е. државната сопственост во Република Македонија . Се разбира, после приватизацијата на претпријатијата, општествените станови и денационализацијата, која сеуште е во тек.

Како што ви е познато најголемиот дел од градежното земјиште во Република Македонија сеуште е во државна сопственост, со исклучок на еден мал дел кој е приватизиран , или неговата приватизација е во тек по основ на денационализацијата, или оутѓувањето на градежно изградено земјиште, врз основа на Законот за градежно земјиште и Уредбата на Владата од 24 февруари 2003 година.

Со донесувањето на овој закон , ќе се надминат некои недоразбирања и недостатоци кои оваа Уредба ги предизвикуваше , поради нејзината некомплетност и недореченост.

За разлика од Уредбата предложениот закон го опфаќа и изграденото земјиште на кое постојат сосопственички права и односи . Можноста да се

приватизира само дел од градежното земјиште и ги регулира случаите кога постои спорно корисничко право, или неидентичност на градежното земјиште.

Во членот 20 , овој пат јасно се дефинираат правните основи за стекнување на корисничко право врз градежното земјиште, што досега создаваше недоумици во постапките за оутѓување на градежното изградено земјиште, а во членовите 26 до 32 , јасно се опишува постапката за приватизација.

Што се однесува на алтернативата на членот 27 за рокот во кој може да се поднесе барање за приватизација, од денот на влегување во сила на овој закон, на Комисијата за финансирање и буџет го кажав мојот став, рокот да остане една година, од причини што менталитетот на нашите луѓе е таков да го чекаат крајниот рок за да отпочнат некоја процедура.

Затоа сметам дека зголемувањето на рокот на две години, само може да го оддолжи целиот процес, т.е., непотребно да се изгуби плус уште една година.

Се разбира, држи и мислењето дека постапката за прибирање на документацијата за сопственоста , разните оставински решенија и не ретките сутски постапки , бараат подолг рок од една година, па затоа е потребно да се прифати алтернативата од две години.

Во тој случај ќе биде потребно да ја менуваме одредбата на точка 2 од членот 46, која предвидува покренување на постапка за стекнување право на долгорочен закуп на градежно земјиште по службена должност. Ако корисникот на градежното здемјиште не поднесе барање за долгорочен закуп, односно приватизација на градежното земјиште, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. Се разбира, ако се прифати алтернативата два.

Што се однесува на алтернативата на став 1 од членот 36, сите на Комисијата се согласивме дека долготрајниот закуп може да трае најмногу 10 години, бидејќи рокот од пет години како алтернатива е краток и само ќе доведе до поголеми административни процедури и се разбира, трошоци во примената на самиот закон.

На Комисијата ја истакнав и мојата забелешка на членот 68, каде се регулира одземањето на право на користење на градежно земјиште во случаите на пренос на сопственоста на објектот на трети лица. И во овој случај со решение на органот за имотно правни работи, се одзема правото на користење на поранешните сопственици. Значи по сила на закон, а не како можност што пишуваше во Нацртот.

Со оваа забелеШка се согласи и повереникот на Владата , кој беше присутен на седницата на Комисијата. Да не должам понатаму. Во името на пратеничката

група на СДСМ , јас ќе го поддржам овој Нацрт закон, со кој се овозможува право на приватизација на градежното земјиште, со што наместо досегашното право на користење на градежното земјиште, физичките и правните лица во Република Македонија , ќе можат да станат сопственици на тоа земјиште, што претставува еден повисок квалитет , бидејќи правото на сопственост е многу поголемо право за разлика од правото на користење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-ѓа Лилјана Ивановска, а нека се подготви г-динот Томе Тромбев.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колешки и колеги пратеници,

Законот за приватизација односно Нацрт законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост е еден од важните закони и појдовните основи на овој закон е приватната сопственост како еден од уставните вредности и основа на која се гради општествено политичкиот систем за кој што се определивме од осаомстојувањето наваму.

Моето лично мислење сакам да го кажам дека овој закон многу поодамна требаше да биде донесен , затоа што секоја инвестиција и секое право започнува точно од земјиштето и еден закон кој што требаше да биде донесен заради забрзувањето на реформите во Република Македонија . Меѓутоа, што е тука е, неможеме да се враќаме повеќе назад кога требаше нешто да се направи, меѓутоа, сметам дека е потребно ова да го потенцирам дека требаше порано пред приватизацијата на становите во општествена сопственост и пред приватизацијата на претпријатијата во општествена сопственост, кои што се во завршна фаза и процесот на денационализацијата кој што е во тек и затоа што задира во многу сопственички односи и имајќи предвид дека има доста узурпации на градежните земјишта, кои сега имаа статус на користење.

Сакам да го потенцирам и значењето на законот, зато што вклучува голем број субјекти. Тоа се физички и правни лица корисници на земјиште, а тука се институциите. Капацитетот на институциите свесни сме колку во оваа постапка која опфаќа голем број решенија, треба да се подготват во еден краток рок и аспектот дека со донесувањето на овој закон финансискиот ефект за приход на Буџетот на Република Македонија не треба да се занемари затоа што динамиката ,

димензионирањето на овој процес ќе значи зголемен приход во Буџетот на Република Македонија  и што е многу важно правната сигурност на граѓаните во делот на утврдување на сопственичкото право над земјиштето, или долгорочниот и краткорочниот закуп на земјиштето. Посебно сакам да потенцирам времето ослободување на градежното земјиште кое што го сметам за едно преодно решение, иако не е пазарна категорија за ослободување над сопственост која што не ја признаваат развиените земји. Меѓутоа, ние сме земја во транзиција , и тоа го сметам како едно преодно решение.

Сакам да го пренесам и впечатокот на јавноста дека процесот на трансформација и реформи во Република Македонија  предолго трае и овој закон е една од важните елементи на завршување на реформите во делот на трансформацијата на општествената или државната сопственост во овој период.

Сега сакам да кажам околу динамиката на приватизацијата на градежно земјиште . Тоа ќе зависи пред се од интересот на граѓаните. И посебно ќе истакнам капацитетот на институциите како технички така и персонален , иако во фаза на реформи во јавната администрација и технолошки вишоци сепак мислам дека подрачните единици на имотно-правните служби не се доволно екипирани ниту пак се технички оспособени да динамиката на процесот биде толку брз како што очекуваме од овој закон.

Еден од механизмите за деномизирање на овој процес е при прометот на недвижностите при купопродажните договори на објектите, задолжителна потврда за приватизација на градежното земјиште, така да на тој начин ќе биде деманизиран тој процес  така да идните купувачи  со таквата задолжителна обврска во овој период би се забрзала. И во контекст на проблематиката што ја тангира овој закон е забрзувањето преземање мерки за воспоставување на едношалтерскиот систем. Затоа што иако е овој закон кој што е во делот на финансии, меѓутоа, е многу тесно поврзан со Геодетскиот завод со Катастарот на Република Македонија и со Министерството за транспорт и врски во делот на изградбата на објектите и можноста за побрза градба , особено од аспект  на привлекување на странски инвестиции и користење на земјиштето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 62 пратеници и со тоа го обезбедивме кворумот за работа.

Затоа, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацрт законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 65 пратеници, 65 пратеници гласале за заклучокот, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на 28 -та точка. Предлог за донесување на закон за воздухопловството.**

Предлогот за донесување на законот за воздухопловство, дописот на Законодавно-правната комисија и извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за транспорт и врски г. Дејан Кошутиќ, а потоа пратеникот Слободан Даневски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Потребата од донесување закон за воздухопловство беше условена од повеќе причини.

Во Република Македонија се применува Законот за воздушна пловидба, “Службен лист на СФРЈ”, кој согласно член 5 од стариот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија се применува како републички пропис.

Со членувањето на Република Македонија во Меѓународната организација за цивилно воздухопловство, Република Македонија се обврза дека во целина правилата и прописите ќе ги изготви на начин во кој ќе посвети должно внимание на Конвенцијата за Меѓународно цивилно воздухопловство и стандардите и

препорачаните пракси наведени во анексите кон истата. Покрај ова, Република Македонија по спроведената постапка во Стразбур на 3 јули 1997 година стана полноправен член на Европската конференција за цивилно воздухопловство, со што исто така се обврза дека ќе се придржува кон нормите за безбедно одвивање на воздушната пловидба во европскиот регион.

Република Македонија како членка на "Еуроконтрол" е должна да ги применува одредбите од безбедност на воздушниот сообраќај, а како кандидат, член на ЈА да ги применува стандардите и препорачаните пракси од истата. Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки, се наметна потребата од усогласување на законската регулатива во нашата земја од областа на воздухопловството.

Законот чие донесување се предлага се заснова на следните начела:

- Уредување на воздухопловството во Република Македонија, надлежни органи за регулирање на работите од областа на воздухопловството; услови за безбедно вршење на воздушната пловидба, аеродроми, леталишта и терени; регистрација, државна припадност и идентификација на воздухопловите и условите за безбедно користење на воздухопловот, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухопловот; услови за вршење на работи поврзани со воздушната пловидба; услови за вршење на работи за испитување на несреќи и незгоди; организирање на надзор над безбедноста на воздушната пловидба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Слободан Даневски, а нека се подготви пратеникот Томе Тромбев.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Иако денес е прво читање на законот, сите закони имаат своја тежина, а овој закон има уште поголема тежина затоа што уредува многу суптилна материја и сведоци сме дека ни се случи она што во многу малку држави се случува да ни загине претседателот на државата во сообраќајна несреќа. Не навлегувам во причините и се она што се случува во официјалните извештаи, тоа сигурно ќе оди во една редовна постапка и ќе се докажува додека не се даде реалното или вистинито толкување за она што се случи во авиосообраќајот на покојниот претседател Борис Трајковски. Ова го велам заради тоа што Република Македонија со потпишувањето

на Спогодбата за стабилизација и асоцијација зема некои обврски да ја усогласи законската регулатива во областа на воздухопловството. Нас не обврзуваат и други прописи, со тоа што Македонија е член на Меѓународната организација за цивилното воздухопловство, сигурно станува збор и за полноправно членство на Европската конвенција за цивилно воздухопловство, на “Еуроконтрол”, така што Македонија ги заокружува сите потребни членства во меѓународни институции. Ваква законска регулатива ни е потребна и треба да се усогласи.

Стручните компетентни луѓе имаат свое видување дека постојат фалинки во законот, но може да се дотера и сигурно предлагачот на законот ќе ги земе предвид укажувањата што ќе бидат изнесени на денешната пленарна седница.

Најголемата забелешка се однесува на членот 96 во законот, каде станува збор за концесиите. Имено, во членот 96 се вели: “Периодот за кој се дава концесијата не може да биде подолг од 7 години. По истекот на периодот за кој е дадена концесијата, а по барање на концесионерот, концедентот врз основа на оценка за успешноста и квалитетот на концесионерот за вршење на концесионерската дејност за време на концесионерскиот период, може да ја продолжи концесијата за период определен во ставот 1 на овој член”. Имено, за што станува збор?

Сигурно дека сите оние кои се заинтересирани да градат или работат и да бидат присутни во делот на воздухопловството, каде станува збор за исклучително скапа инвестиција, со членот 96 за давање на концесија на период од 7 години, инвеститорите ги одбиваме, затоа што сите оние кои сакаат да инвестираат, како што имаше најави во изминатиот период, дебело ќе се запрашаат дали им се исплатува да инвестираат 200, 300 или 500 милиони евра за користење во период од 7 години. Ова го зборувам од причина што сите кои би дошле би биле во функција да го експлоатираат аеродромот 1 и 2, тоа е аеродромот во Скопје и аеродромот во Охрид. Нема да станува збор за нови инвестиции, затоа што периодот од 7 години е многу мал, искуствата на поголемите и поразвиени земји не е токму такво и сигурно се дава правото на подолг период со тоа што ќе се уредуваат сопственичките односи.

Ова го зборувам од причина што ние сме сведоци дека со години на Скопскиот аеродром се случува, иако е меѓународен аеродром, да биде затворен. Местоположбата на скопскиот аеродром е таква што се наоѓа меѓу две планини и безброј странски делегации, бизнисмени и туристи доаѓаат, но сведоци сме дека

често пати Скопскиот аеродром е затворен заради магла. Без оглед дали сакаме или не тоа да го признаеме, тоа се факти и не само што се прави штета на државата, така и на бизнисмените, делегациите и на угледот на Република Македонија, затоа што ние бараме алтернативно решение со тоа што се користи овој алтернативен аеродром во Охрид. Ова го зборувам затоа што во првичното планирање и проектирање Скопскиот аеродром бил проектиран и наменет за воени цели. Имено, се наоѓа помеѓу две планини и е оценет како тежок аеродром на Балканот и во светот. Затоа реално треба уште сега законодавецот да направи исчекор повеќе за да овозможи концесијата од 7 години да ја продолжи, да биде најмалку барем 20, или 25 години, тоа како генерална забелешка, затоа што знаеме дека Македонија расте, да не го губи имиџот, да не добива негативни оценки. Алтернативно решение е и она што е предвидено идеални услови за аеродром како меѓународен, така и домашен, тоа е Овчеполието, затоа што кажуваат научните работници, искажувањата на анализите кажуваат дека Овчеполието никогаш не е во магла, така што оние што му доаѓаат некако како природни услови се приоритет број 1. И би било добро да се размислува за аеродром во Овчеполието, дали тој ќе биде цивилен, алтернативен, или за карго употреба.

Она што ни стои нас, еве овие да речам 12 години од осамостојувањето на Република Македонија како независна држава и некои анализи кои се правени и елаборати во делот на воздухопловството почнувајќи од тур оператори, почнувајќи од се она што значи пилоти, авиокомпании, патници и аеродромски услуги, механизација, градба, доградба, изградба, осветлување, заштита и сите овие контролни механизми некаде во овие 12 години се свртени некаде цирка 3 милијарди евра. Ова се фрапантни бројки за Република Македонија, го зборувам во контекст на тоа 3 милијарди евра се свртени за овие 12 години и Република Македонија знаеме дека секоја година по барање, или по потреба од Јаното претпријатие, или од Управата за контрола државата некаде повлекува интервентно по не знам кои основи од 200 до 400 милиони евра. Тоа се големи суми. И сега се поставува прашање, зошто Македонија кога прави некои исчекори, кога еве, ни се случува феноменот да ни гине претседателот во авионска несреќа, Република Македонија не може да обезбеди средства и да купи авион. Сигурно дека оваа идеа е дискутирана уште 90-тите години. Оваа идеа наиде на нож од новинари и од македонската јавност, сите тие велеа, еве ние како држава не можеме да ги решиме случаите со стечајците, со технолошкиот вишок, Македонија е сиромашна земја, а

еве, ќе купуваме скапи авиони, некои ќе се возат во авионите со државни пари. Не. Тоа не е инвестиција која не треба да се мимоиде, туку задолжително Македонија мора да набави два авиона за потреба како за претседателот на државата, така и за потреби на Владата. Во ова нема маркетинг, оваа идеа не треба да се чека на нож, Република Македонија мора да обезебеди два авиона. Проблемот сега станува секогаш ние не веруваме на она другото, дали тие два авиона ќе ги купиме по онаа редовна цена, ако чинат 10 милиони евра да не ги платиме 20 милиони. Во тој контекст да се обрне внимание во јавните набавки. А инаку насушна потреба е Република Македонија да обезбеди два авиона. За оваа тема треба да дискутираат и пратениците, за ова треба да се подготви и македонската јавност. Не е тоа дека некој ќе се вози со авиони, дека ќе користи средства од државата, односно оние што издвојуваат такси од сите граѓани. Ова е насушна потреба. Затоа се прави имиџ. Никој не можеше да не разбере нас како држава ние да кажуваме дека Република Македонија се вози со Кингер кој е стар 30 години и за сета таа филозофија ние да имаме во моментот пилоти со договор за дело. Ова не може да го разбере модерниот свет, ова не може да го разберат ни сите интелектуалци во целиот свет. Така што оваа материја е интересна и законодавецот во делот на она што значи концесии. Би се вратил пак во делот на концесиите. Законодавецот мора да размисли и да направи полиберален пристап барем концесијата да биде најмалку, минимумот 20, 25, 30 години. Да не зборувам што ни се случува. Ние обучивме високо стручен кадар, да не зборуваме за пилотите кои се ценети, еве летаат по цел свет, почнувајќи од САД, од Британиш ервајс, не знам во која не компанија работат наши пилоти кои се остручени. Многу е скапа обуката за пилотите, да не зборуваме за механичарите. Сето ова го врзувам со тоа што мора да се направи исчекор во делот да дадеме импулс повеќе, да ги заинтересираме странските инвеститори. Ние можеме да правиме паралела, можеби не можеме да се мериме како држава со Израел, некаде Македонија површински е како Израел. Во Израел има 7 аеродроми, да не се мериме да кажеме со нивниот буџет, или нивниот развој и нивниот степен почнувајќи од индустријата. Но, Македонија мора да овозможи услови. Ние сме тие законодавниот дом и по предлог на Владата да овозможиме оптимални услови да се јават странски инвеститори за да можат да инвестираат, затоа што никој нема да инвестира за 7 години. Најминиламната цифра која би требало да ја инвестира еден странски инвеститор во Република Македонија цирката се движи некаде од 200 милиони евра. Од овие причини мислам дека законодавецот треба да размисли.

Во делот на нормативниот дел на текстот законодавецот дава многу големи овластувања на министерот. Министерот има голема концентрација на моќ каде што сам одлучува во делот на она што значи отворено, или затворено небо, за оние кои се познавачи на оваа материја многу е важно она што значи затворено и отворено небо, деновите кои се скратени за 10 дена пријавување можат да направат еден хаос. Оваа материја е стручно и многу прецизно е дефинирана, елаборирана, изработена во меѓународната воздушна пловидба, затоа што и ние како членки потписници на скоро сите оние конвенции и било кои асоцијации мора да се придржуваме кон законите, односно правилата кои ги наметнуваат тие асоцијации. Од тие причини ние мора да го уредиме, да го доправиме законот да биде во согласност со сите барања кои се во модерниот свет и трендот што се случува во воздухопловството. Од тие причини би му препорачал на законодавецот иако е ова прва фаза, да размисли во делот на членот 96 и да излезе со еден полиберален пристап во делот на концесиите за да може да направи еден исчекор повеќе, странски компании, или физички лица, приватни, не знам какви фирми да им дадеме услови, затоа што Македонија е интересна и оваа материја е многу интересна и во оваа материја се вртат огромни средства, штом се вртат огромни средства, нови вработувања итн. Препорака е до Министерството за транспорт и врски да размисли во делот на членот 96.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, само да Ви кажам нешто, ме направивте љубоморен, барате два авиона за претседател на државата, за Владата, а Парламентот го прескокнувате.

Има збор г. Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колешки и колеги,

Навистина интересно беше ова економско излагање на господинот Даневски и потполно е во право. Меѓутоа, тука има и една директива на Европската унија која што рестриктивно се однесува кон ова прашање. Меѓутоа за тоа подоцна. Идеата на човекот да ги совлада воздушните простори е стара колку и човекот. Сите ние знаеме, митот за Дедал и Икар, бегајќи од лавиринтите на кралот Минос кога на Икар му се истопиле и крилјата и така тоа прерасна во еден мит за желбата на човекот да се вивне во воздухот. Но првиот успешен лет на браќата Вилбур и Олвер

Рајт до денес се изминати само 101 година. Имајќи го во вид фактот дека овој временски период претставува само мал дел од историјата на човештвото, може слободно да се каже дека воздухопловството е оној дел од човековото опстојување и дејствување кој доживеал најбрз и најсеопфатен развој.

Воздушниот сообраќај и транспорт, воздухопловната индустрија и регулатива и сите составни сегменти на глобалниот систем на воздушниот превоз и воздухопловните активности секојдневно доживуваат брз и незапирлив напредок во својот развој. Воздухопловството денес е длабоко навлезено во сите пори на современиот развој на земјите во светот. Денес во светот постојат над 5 илјади аеродроми наменети за одвивање на воздушниот сообраќај и транспорт, преку 300 воздушни комерцијални превозници секоја година превезуваат над 3 милијарди патници и преку 60 милиони тони карго товар ширум целиот свет , секоја година авионите од преку 50 производители во светот извршуваат околу 50 милиони полетувања и слетувања, превезувајки патници, багаж, стока и пошта на сите светски меридијани. Секои 24 часа во воздухот се вивнуваат преку 65 илјади авиони кои вршат воздушен транспорт на луѓе и материјални добра. Од изнесените бројки се гледа дека се работи за интензивен сектор во транспортот во секоја смисла на зборот интензивен кој кај нас досега немаше соодветен третман и покрај сите напори кои беа направени. Но, како е кај нас уредена оваа материја која го регулира овој сектор? Законот за воздушна пловидба кој се применува во рамките на нашето законодавство во Република Македонија во областа на воздушниот сообраќај и транспорт донесен е пред скоро 20 години во рамките на СФРЈ. И во членот број 1 од тој закон стои: Со Законот се уредува воздушната пловидба во воздушниот простор на СФРЈ. А потоа следуваат сите измени и дополнувања на овој закон кој ги претрпел во периодот од неговото донесување во 1986 година и последната измена 1990 година. Со распаѓањето на СФРЈ дојде и до распаѓање на целокупната оргаизација на цивилното воздухопловство во сите нејзини основни сегменти од воздушниот простор, дејностите на воздушните превозници, аеродромската мрежа, воздушните патишта, земските навигациони системи, воздушните линии и системите на контрола на летање, органите на цивилна воздушна пловидба па се до одредбите на Законот за воздушна пловидба. Во 1991 година Собранието на РМ го донесе уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ со кој со член 5 Законот за воздушна пловидба беше превземен како републички пропис. Суштината на овој легислативен трансфер лежеше во интенцијата на законодавците за привремена

важност на Законот за воздушна пловидба за да се пополни празниот вакум кој настана со распаѓањето на воздушниот транспортен систем се до донесување на новите законски прописи кои ќе ги регулираат сите прашања од областа на воздушниот транспорт и воздушниот сообраЌај во РМ. Сите составени сегменти потоа на воздушниот сообраќаен систем во Република Македонија почнаа да се оформуваат и развиваат со забрзано темпо. Во 1991 година се основа Јавното претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” во чиј состав влегоа двете наши воздухопловни пристаништа, аеродромот “Скопје” и аеродромот “Охрид” на кои веднаш почна да се развива и осовременува аеродромската инфраструктура. До 1993 година во меѓународниот сообраќај веќе оперираа неколку македонски воздушни превозници. Во тој период македонското небо и практично стана неповредлив воздушен простор со оформувањето на обласната контрола на летање и со осовременувањето и унапредувањето на системите на контролата на летање. Се формираа првите цивилни воздухопловни власти на почетокот како сектор за цивилна воздушна пловидба во состав на Министерството за урбанизам, градежништво , сообраќај и екологија, а подоцна во 1995 година и како Дирекција за цивилна воздушна пловидба во состав на Министерството за сообраќај и врски. Во 1997 година Република Македонија стана членка на Европската конференција за цивилен воздушен сообраќај , а во 1998 година и на Европската организација за безбедност во воздушниот сообраќај. Како една од државите наследнички на СФРЈ, Република Македонија е членка и на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство што практично значи почитување на сите стандарди, препораки и норми што произлегуваат од меѓународните документи на оваа организација. Од 1993 година македонските аеродроми се членки на Меѓународниот совет на аеродроми во Европа чии аеродромски услуги ги користат се поголем број реномирани европски редовни воздушни превозници, членки на Меѓународната асоцијација за воздушен транспорт ЈАТА.

Драги колеги, севкупниот развој на воздушниот транспортен систем во голема мера зависи и од развојот на националната легислатива , односно од осовременување на законската регулатива која ги регулира прашањата од областа на воздушната пловидба и воздушниот сообраќај. Покрај тоа, постојниот Закон што сеуше е на снага во Република Македонија не претставува соодветна и ефикасна правна рамка за регулирање на овие прашања. Како потврда за ова се наметнуваат неколку аргументи.

Прво законските одредби од Законот за воздушна пловидба воопшто не соодвествуваат на моменталната состојба во воздушниот транспортен систем во државата.

Второ, дел од законските одредби на Законот за воздушна пловидба се во колизија со основните  уставни и други законски начела на Република Македонија како самостојна, суверена и независна држава.

Трето, одредени законски одредби од Законот за воздушна пловидба се застарени во однос на меѓународните стандарди и препораки од областа на цивилниот воздушен сообраќај.

Четврто, цивилните воздухопловни власти скоро на сите поранешни Југослвоенски  републики до 1998 година изработија нови сопствени законски акти кои ги регулираат прашањата од областа на воздушната пловидба во нивните држави.

Петто, членството на Република Македонија во меѓународните организации и асоцијации обврзува на по динамичен развој на законската регулатива од областа на воздушната пловидба и цивилното воздухопловство.

Освен законските акти за подетално правно регулирање на одредени прашања во воздухопловството врз основа на законските одредби се донесуваат уредби, правилници, наредби, одлуки и решенија како општи правни акти, односно подзаконски прописи во воздухопловството. Тие се поделени на 4 основни групи и тоа: подзаконски прописи кои се однесуваат на воздушната пловидба, подзаконски прописи кои се однесуваат на воздухопловниот и останатиот стручен персонал, подзаконски прописи кои се  однесуваат на воздухопловите и подзаконски прописи кои се однесуваат на аеродромите. Подзаконските прописи всушност треба да преставуваат правни акти на прифатени и применети меѓународни препораки, стандарди и норми кои произлегуваат од документите на меѓународните воздухопловни организации.  Постојат многу примери за неусогласеност помеѓу одредени подзаконски прописи кои поради инертност на нашето законодавство не ги следат промените во релевантните меѓународни документи и стандардите, препораките и нормите на меѓународните воздухопловни организации кои секојдневно претрпуваат промени и усовршување.  Покрај тоа како  последица на брзиот светски развој на воздухопловната индустрија  и информатиката голем број од современите составни сегменти на воздушните транспортни системи управувачки, селективни , контролни, безбедносни,  навигациски, интелегентни и

други системи кои најдоа место во меѓународната воздухопловна легислатива воопшто не се регулирани со правните прописи во националната законска регулатива. И затоа потребно е донесување на нов закон за воздушна пловидба и сите неопходни подзаконски правни акти интегрирани, хармонизирани и засновани со усвоени меѓународни стандарди и препорачани практики на меѓународното воздухопловно право како најважен фактор за развој и безбедност во воздухопловството.

Со овој Предлог закон се врши и усогласување на законската регулатива на Република Македонија со регулативата на Европската унија од областа на воздухопловството, обврска прифатена со Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската заедница . Ова е и моја обврска како известител на Комисијата за европски прашања да го истакнам во мојата дискусија.

Почитувани пратеници врз основа на анализа и проценка на сегашните состојби и тенденции од сферата на воздушниот сообраќај и транспрот во Република Македонија. Само законот нема да ги разреши сите постојни проблеми кои ги имаме како држава. Определени активности и решенија треба да бидат превземени и реализирани со цел да се анулираат одредени тесни грла во оваа област. Затоа, потребно е изготвување на национална стратегија за развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија во наредните 20 години како основа за севкупниот развој на сите функционални елементи кои се составен дел од националниот воздухопловен транспортен систем. Друго, реорганизација на Управата за цивилна воздушна пловидба со сепарација на управните функции од услугите кои се даваат во воздушниот сообраќај, реорганизација на Јавното претприајтие за аеродромски услуги преку делумна децентрализација на функциите на аеродромите од аспект на инвестирање во модернизација и осовременување на аеродромската инфра структура и водење на развојната политика во рамките на претпријатието преку концесиски договори. И на крај ревизија на договорот со националниот и единствен ексклузивен редовен воздушен превозник во државата од аспект на заштита на националните интереси во рамките на одвивање на воздушниот сообраќај и транспорт и либерализација на транспортот врз пазарни законитости и можност авио бизнисот во Република Македонија да се постави на конкурентска основа. Врз основа на се досега кажаното во име на пратеничката група на СДСМ ние ќе го подржиме овој Предлог за донесување на закон.

Во интерес на времето, а со оглед на тоа што денес се утврдува потребата за донесување на законот, јас вам претседателе ќе ви ги доставам моите забелешки во однос на законот и би ве замолил истите да станат составен дел на стенографските белешки, бидејки го имам тоа деловничко право, да не ги задржувам колегите .

(Прилог)

Закон за воздухопловство

ДЕЛОВИ ОД ЗАКОНОТ КОИ БИ ТРЕБАЛО ДА
БИДАТ РЕГУЛИРАНИ СО
ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

| | | |
|---|---|---|
| Член 26 став 1 и став 3; | Член 38; | Член 44; |
| Член 114; | Член 115; | Член 116; |
| Член 130 | Член 161 став 3 | |

Член 26 став 1 и 3

Воздушниот сообрќај освен на воздушните патишта се врши и во аеродромските и контролираните зони, во терминалните зони, по рутните патеки и по маневарските површини и надвор од овие места под одредени услови, без разлика дали станува збор за јавен превоз или приватен превоз или технички лет и сл. во зависност дали се лета визуелно или инструментално и сл.

Член 38

Овој член ќе ги блокира аероклубовите кои повремено даваат усллуги за противпожарно извидување од воздух, на телевизиите им помагаат за снимање од воздух и кои повремено фрлаат летки, вршат панорамски летови - дејности за кои не е потребна посебна квалификација на пилотот ниту е потребна  посебна  опрема за вршење на дејноста, и при нивно вршење воопшто летот не е отежнат за сметка на

вршењето на работата како во случајот со земјоделската авијација или геодетското снимање со авион.

Материјата треба да се регулира со правилник,

или

Во случај да овој член остане во законскиот текст потребно би било да се додаде нов став 3:

"По исклучок став 1 и 2 неважат, за фрлање летоци, панорамски летови, фото-снимање од воздух, извидување (патролирање) и слични дејности за воздухоплов до 4 седишта, и специјализирани услуги со воздухоплов за кои не е потребна специјална квалификација на пилотот ниту е потребно специјална опрема за вршење на дејноста."

Член 44

Секој воздухоплов во зависност од видот на летот и видот на воздухопловот треба да има различна документација која повремено може и дас се прошири на меѓународно и локално ниво.

Материјата од овој член треба да се обработи со правилници.

Член 114, 115 и 116

Материјата треба да се регулира со правилник и треба да стои:

Поделбата на воздухопловите според вид, категорија и намена ја пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 130

Да се појасни терминот "лице овластено за преглед"

Треба во законот да се обезбеди можност пилотот на мал авион сам да го врши едноставниот преглед пред полетување како што е секаде во светот.

Да се додаде нов став 2.

"На едномоторни авиони и други воздухоплови за сопствени потреби прегледот пред секое стартување, може да го врши и пилотот на авионот."

ИЛИ

Најдобро овој член да се опфати со прописот од член 8 став 3.

Во член 161, став 3

Да се избрише и да се опфати со прописот од став 4, затоа што одморот може да трае пократко ако се врши лет со цел авионот да се врати во базата каде го презема нов екипаж, а на стариот екипаж му следува поголем одмор. (секогаш е така во пракса).

ЗАБЕЛЕШКИ НА ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Член 9 да се додаде нов став како што следи

“Управата може да ги пренесе сите или дел од своите функции и должности, а во врска со спортска авијација, на Воздухопловната федерација на Македонија или на друг правен субјект. Во тој случај Управата се ослободува од одговорноста во однос на пренесените обврски.”

Ова е светски тренд каде Управата се ослободува од преголемиот товар на спортската авијација и го префрла на Воздухопловно спортските асоцијации, на други институции или воздухопловни работилници, а воздухопловната федерација би нашла нов посовремен модел на функционирање.

Член 40 Треба да се измени како што следи

Другите услови за вршење на дејностите од член 27, 37, 38 и 39 на овој закон ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Условите кои треба да ги исполнува еден авиопревозник и други извршители наведени во членовите 37, 38 и 39 не може да ги опфати законот бидејќи се преобемни и затоа треба да се предвиди нивно регулирање со правилник.

Член 96 да се брише, материјата е регулирана со член 95 и закон за концесии.

Воедно би сакал да воочам дека во меѓународната пракса при склучување на договор за концесија на аеродроми концесионерот ја склучува концесијата за период од 30 до 50 години, од аспект на финансиската оправданост.

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕКСТОТ ОД ПРЕДЛОГ
ЗАКОНОТ СО СЛЕДНОТО

Член 3 точка 62

ж) по зборот “одржување” да се додаде зборот “и развој”

и да гласи:

ж) персоналот за одржување и развој на техничките средства, уредите и опремата за давање на услугите во воздушниот сообраќај.

Членството на Република Македонија во ИЦАО, ЕЦАЦ и ЕУРОЦОНТРОЛ, не обврзува не само да ги одржуваме, туку и да ги развиваме техничките средства, уредите и опремата за давање на услуги во воздушниот сообраќај на ниво на

безбедно одвивање на воздушниот сообраќај во согласност со Еуропеан Аир Траффуц Манагемент Програм-от, со цел за хармонизација и интеграција на системот на контролата на летање на ниво на еден систем во Европа - Сингле Еуропеан Скs.

Член 3 точка 62

по s) да се додаде ново и) персонал за координирање на потрага и спасување на воздухоплов.

Персоналот за организирање и координирање на службата за потрага и спасување, треба да биде стручно оспособен и да поседува сертификат за потрага и спасување, како потврда и овластување за организирање и координирање на потрагата и спасувањето на воздухоплов.

Член 3 точка 84 - по г) да се додаде ново д) потрага и спасување на воздухополов.

Обврска за пружање на услуги на потрага и спасување на воздухоплов на територијата на Република Македонија произлегуваат од:

- Член 25 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство,

- Законот за воздушна пловидба ("Службен лист на СФРЈ  број 45/86, 24/88 80/89 и 29/90)

- Законот на Уравата за цивилна воздушна пловидба, ("Службен весник на РМ бр. 20/95 и 70/2001) и

- Уредбата за условите и начинот на потрага по воздухоплов и спасување на воздухоплов ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2001)

Член 66 по зборот "да ги одржува" да се додаде зборот "и развива".

Образложението е исто како за погоренаведениот член 3 точка 62 ж).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Тромбев, се надевам дека тоа ќе стане пракса и кај другите пратеници, вакви интервенции во членовите дека ќе ги приложат да ги дадеме до соодветното Министерство, бидејки така стануваме поефикасни, а Нацрт фаза е.

За реплика се јави господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Мала реплика за г-динот Тромбев. Не го разбрав во делот на она што сакаше да каже, економско ЕПП, или не знам што. Јас би го прашал г. Тромбев како претседател на Комисија мора да ги знае овие работи, дали овие компании кои

живеат во РМ , авио компании, имаат барем еден сопствен авион? Нека ми одговори г. Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Да, некои од компаниите имаат сопствени авиони, меѓутоа повеќе се работи на позајмување на авиони од други авио компании.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Зоран Томиќ процедурално.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе,

Поради катастрофалните непогоди, дел од пратениците се надвор оправдано отсутни во поглед на подготвување на информација за поплавите. Така, би апелирал да имате малку разбирање или евентуално да побараме пауза од 10 до 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас имам уште 4 минути од 10-те минути, за тоа вие ќе одлучите дали треба да работите.

Јас мислам дека уште еден пратеник ни фали за да имаме кворум.

Господине Томиќ можете и после 5 саат да останете и да дојдете рано сабајле пред 10 саат. Работното време се знае.

Ве молам, да го утврдиме бројот точно.

Нека се избројат пратениците.

Во салата се присутни 63 пратеника. Значи на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на законот за воздухопловство;

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани од извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија;

3. Овој заклучок заедо со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61за, нема воздржан, нема против заклучокот.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 29.

**Предлог за донесување на закон за управна инспекција.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор?

Министерот за правда, па потоа г-динот Каме Петров.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе,

Почитувани дами и господа пратеници,

Јас ќе се обидам накратко да ги образложам причините зошто предлагаме кои се причините според кои прдлагаме да биде утврдена потребата за донесување на овој закон.

Како што Ви е познато и на јавноста и на вас почитувани пратеници, Законот за управната инспекција што се применува денеска во Република Македонија е донесен во далечната 1979 година. По донесувањето на Уставот на Република Македонија 2001година се појави неминовна потреба од усогласување на Закон за управната инспекција со Уставот на Република Македонија, со уставните амандмани донесени од страна на ова Собрание. Како и усогласувањето на оваа област значи, областа на надзорот на управните постапки, значи потребата за усогласување и со одредени европски стандарди. И покрај тоа што изминаа 12 односно 13 години од донесувањето на Уставот на Република Македонија овие работи не беа усогласени.

Со оглед на таква утврдената состојба во оваа област, со Законот за управната инспекција што се предлага да биде донесен предлагаме да се врши усогласување со Уставот на Република Македонија како и со амандманите на Уставот на Република Македонија и со Закон за организација и работа на органите

на државната управа, истовремено се врши потполно усогласување и со Европското законодавство кое нешто е трајна определба на Република Македонија.

Со предлогот што го нудиме овде предлагаме да се обезбедува вршење на инспекциски надзор на спроведувањето и примената на одредбите од Законот за општа управна постапка и другите закони и прописи што содржат одредби за управната постапка и тоа, во поглед на навременото, ефикасното и економичното остварување на правата и правните интереси на граѓаните и другите учесници во управните постапки. Кога решаваат органите на државната власт за нивните права.

Второ, постапувањето во пропишаните рокови во првостепената и второстепената управна постапка, како и во роковите определени со актите на судските органи. Исто така и вклучувањето на заинтересираните странки во постапката, обезбедување на доказите по службена должност од евиденцијата што се води во органите на државната управа, јавните претпријатија, установи и институции, правни и други лица, на кои со закон им е доверено вршење на одредена работа по јавно овластување, како што се и општините и градот Скопје. Истот ака, го уредуваме и прашањето за надзорот над извршувањето на правосилните управни акти. Стручната подготовка на државните службеници и вработените што преземаат дејствија во управната постапка, употребата на јазиците и писмата на странките во управната постапка, како и другите работи утврдени со закон за општа управна постапка, како што е вршењето на надзорот над примената на прописите и за канцелариското работење. Значи, со овој закон се предвидува организирано вршење на инспекцискиот надзор над извршувањето на законите и други прописи од страна на органите на државната управа кога решаваат за управните работи за странските во постапката.

Со овој закон кој го предлагаме се обезбедува и вршење на инспекциски надзор во поглед на принципот на двостепеноста на постапката како загарантирано право на граѓаните со Уставот на Република Македонија.

Од овие причини кои се обидов накратко да ги изнесам, предлагаме Собранието да ја утврди потребата од донесување на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине министре.

Збор има г-динот Каме Петров, а нека се подготви пратеникот Коста Прешоски.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колешки и колеги пратеници,

Ќе се обидам накратко да се осврнам на предлогот за донесување на закон за управнаста инспекција, за што во точката подолу односно во Законот за општата управна постапка, имам намера да се произнесам нешто пошироко за овие сродни и компатибилни законски решенија.

Во врска со предлогот за донесувањето на законот за управната инспекција, сметам дека треба да се истакне следното:

Имено, познато е дека поништувањето и укинувањето на решението, право на надзор, даречеме е, правно средство, кое може да се примени и против конечни решенија во општата управна постапка. Значи, за разлика од инстанциониот надзор кој се врши по повод поднесена  жалба до второстепениот орган на државната управа, овој надзор е хиерарсиски надзор кој треба да се врши по службена должност и тоа не само по првостепени туку и на второстепени акти на органите на Државната управа.

Во понудениот текст на законот, покрај можноста за поништување на решение по право на надзор, предложена е една класична варијанта односно можност конечното решение да биде поништено, доколку со него очигледно е повреден материјалниот закон. Овде, доколку постои основ за поништување на акт односно на решение, мислам дека повисокиот орган на државната управа, тоа ќе го стори. Меѓутоа, во услови на укинување на решение, ниту во овој ниту во Законот за општата управна постапка, нема никаква decидност за укинување на решение и оставено на оценката на повисокиот орган за постоењето на основи за очигледноста и потребата од укинувањето на решението. Од тоа произлегува заклучокот дека во практиката треба да се утврдува од случај во случај и тоа што е очигледна повреда на материјалниот закон и дали таа повреда е јасна и двосмислена. Со тоа предлогот на законот дава можност, но не и обврска на повисокиот орган за укинување на решение кога постојат основи за тоа. Очигледната повреда на Законот, без оглед на тоа на чија штета е на странката или на јавниот интерес, отворам можност  за примена на ова вонредно правно средство. Затоа, оваа постапка на донесувањето на овој и на следниот закон е добар повод оваа очигледна повреда на материјалното право да биде предвидена прецизно, за да нема никакви дилеми и различни токувања кај сите учесници, а особено меѓу учесниците во постапувањето по право на надзор по службена должност на органите на државната управа,

односно на управната инспекција. Јас, иако уште на почетокот се впуштив во одредени сугестии во однос на предлогот за донесување на Закон, тоа не значи дека го критикувам донесувањето и содржината на овој закон. Напротив, сметам дека е добро што Министерството завлегло во оваа материја, која по цели 13 ил 14 години се уредува на оригинален начин и на автохтон начин. Но, сметам дека сега е моментот и овде е едно од централните места каде што треба да влијаеме на одделни законски решенија. Затоа, во однос на предложениот закон би изнел уште неколку размислувања. Мислам дека отворени се, да не кажам дискутабилни се, решенијата предложени во членот 12 и член 15, каде што не се зборува само за правната помош меѓу органите, што е вообичаено, туку се зборува и за следното: " Во вршењето на работите од својата надлежност инспекторот им дава правна помош на граѓаните во остварувањето на правата и интересите во управната постапка. Ако станува збор за класично неука странка или за класично неуреден поднесок, некако и може да се свати. Но, овде освен за ваквите случаи, станува збор и за давање на правна помош, како што рековме, во остварувањето на правата и обврските на странките по управната постапка. Ваквите одредби се провлекуваат многу одамна, мислам уште од времето на создавањето на службите во Собранието за тн., бесплатна правна помош, што беше иманентно на тоа време и уредување до денес, кога ваквите одредби не само што се утврдуваат во Законот за управна постапка, туку и за судовите, ако сакате и во Законот за парнична постапка, за кривична постапка итн. Сега, при постоење на вакви одредби, органот на државната управа или и Судот одлучувајќи мериторно по една правна работа треба да и даде правна помош на една од странките. Мислам дека ваквите одредби се непотребни во овој, но и во повеќето процесни закони, од кои произлегува и фактот што од една страна вградуваме одредби во кои утврдуваме начела за слободно располагање на странката со своите права и обврски, начела за утврдување на материјалната вистина за непристрасност и слично. Ваквите одредби во овој закон за мене се непотребни од следните причини.

Прво, управната инспекција треба да биде еден од најстручните и најодговорните органи во државната управа. Во тоа нема никаков спор. Знаењето и вештините на овој инспекторат треба и се протегаат и на работата и на останатите органи на управата. Затоа, ваквите одредби за правната помош на странките од една и вршењето на контрола на актите кои се од најсуптилна природа на органите,

нужно ќе продуцира различни сомненија во областа на постапувањето, одлучувањето на органите на државната управа.

Второ, вградувањето на ваквите одредби во овој закон мислам дека ќе биде во колизија со Уставот и со основните максими односно начела на процесниот закон. За што проучувањето и давањето на правна помош на едната од странките во услови на двостранечки управни работи значи нарушувње на позицијата, па дури и на првата и на интересите на другата странка во постапкаа на одлучувањето. Во тој факт нема никаков спор.

Трето, не само што се залагаме, туку и како општество во периодот што следува, мора да го обезбедиме неизбежниот процес на професионална и високостручна јавна администрација. Тој процес мислам дека е незапирлив, независно кои од политичките субјекти кон него гледа со реализам, со оптимизам или дефитизам. Затоа, ако објективно се залагаме за професионализам кај едната, во случај на професионализам ќе одлучуваат едната страна тогаш не може со ист степен да не се одговори и кај другата странка во случајот на заинтересираната страна односно граѓанинот. Секако, независно дали станува збор за странечки или двостранечки предмети. Тој интерес мислам дека е заеднички, интерес на општеството односно заштита на јавниот интерес, но истовремено и заштита на правата, слободите и интересите на граѓаните. Јас ги цитирав само неколку од одредбите од предлогот, со цел овој закон, особено во процесните закони кои следуваат да се размисли, да се најдат моделитетите во остварувањето на правата на граѓаните, а врз основа на уставните решенија. Тука мислам на сите институции на системот. Кон сето ова имам и други забелешки, но сметам дека тие се од помало значење и не сакам да го одземам драгоценото време. Тоа значи, дека предлогот го поддржувам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Петров.

Збор има пратеникот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Потребата од донесување на нов закон за управна инспекција произлегува од усогласувањето со Уставот на Република Македонија и амандманите на Уставот, како и Законот за организација на работата на органите на државната управа. Исто

така, донесувањето на овој закон е и неговата потреба за негово усогласување со стандардите во земјите на Европската Унија. Убеден сум дека овој закон даден во ваква форма како што е предложен ќе го промени методот и организацијата на работа на управната инспекција. Инаку, со овој закон се врши контрола над работата и актите на јавната администрација, посебно при решавањето на правата и обврските на корисниците на нивните услуги. Во прдложените 23 члена во Законот за упрвна инспекција на конкретен јасен и единствен начин утврдени се надлежноста, организацијата,овластувањата на управната инспекција, како и постапката за вршење инспекциски надзор.

Во понатамошната моја дискусија ќе се задржам на текстот на предложениот закон со некои мои согледувања  и забелешки. Посебно ќе се задржам на два члена и тоа член 14 и член 19.

Во член 14 од предложениот закон се определува во кој случај инспекторот поднесува иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против службено лице или вработен. Така во првите четири става добро се утврдени и конкретизирани случаите во кои се поднесува иницијативата за покренување на дисциплинска постапка.

Во последниот став на член 14 кој гласи: “ги повторува повредите утврдени во член 13 од овој закон”. Мислам дека треба да се наведе член 11 од овој закон, бидејќи во овој член таксативно се дадени повредите и констатираните недостатоци во управната постапка за кои службеното лице или вработениот надлежен за решавање, ако ги направат и повторат треба да се покрене дисциплинска постапка. Додека со член 13 е регулирано во кој случај инспекторот е должен без одлагање да поднесе кривична пријава за сторено кривично дело, барање за поведување прекршочна постапка и тн. Значи овој член се однесува за прекршок или потешка повреда на службената должност.

Во член 19 став 2 се вели: “записникот и решението од став 1 на овој член им се доставува на лицата од член 18 на овој закон”.

Ставот 1 се однесува на следното: “после извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник и носи решение со наод за утврдената состојба и мерки за одстранување на утврдените недостатоци”.

Се прашувам, овој записник и решение во кој временски период треба да се поднесат, бидејќи подолу веќе се кажува следното: “по добиеното решение во рок од

15 дена, од страна на органите во кои е извршен надзорот, за преземените мерки треба да се извести инспекторот".

Во овој став барам да се утврди рокот во кој инспекторот е должен да го достави записникот и решението за извршениот инспекциски надзор до функционерот на органот, односно раководното лице, во органот во кој се врши надзорот. Со тоа сметам дека ќе се забрза постапката за отстранување на евентуални констатирни неправилности при инспекциски надзор.

На крајот на кратко ќе се задржам на казнените одредби дадени во член 23 од законот.

Во пет точки од овој член се наведени и утврдени случаите за што може да биде парично казнет односно санкциониран раководното односно одговорното лице како и службеното лице на органот на државната управа, другите државни органи, правните и други лица што со закон имаат доверено вршење на јавни овластувања, како и службено лице што презема дејствија во управна постапка, до колку стори прекршок. Не навлегувам во висината на паричните казни. Можеби се добро дозирани. Само сакам да укажам дека е неопходна примената во пракса и спроведување на вакви непопуларни мерки кога тоа е со цел за поефикасно работење на органите и остварување правата на граѓаните.

Со донесувањето на овој закон ќе се обезбеди вршење на инспекциски надзор и ќе се обезбедат неопходни услови за зголемување на ефикасноста во остварувањето на правата и интересите на странките во управната постапка, а со примената на овој закон ќе се обезбеди законитост во работата на органите на државната управа. Од тие причини ќе го поддржам предлогот за донесување на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Прешоски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за управна инспекција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и

предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикуам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 59 пратеници и сите гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на 30-та точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за општа управна постапка.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за општа управна постапка.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, 58 за, 1 воздржан и против нема.

Молам да се констатира точниот број на пратениците во салата, за да видиме дали гласањето е валидно.

Гласањето го поништувам бидејќи во салата има 60 пратеници.

Молам да се обезбеди кворум.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 58 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

По 31-та точка од дневниот ред немаме претставник од Министерството за економија.

За 32-та точка исто така немаме претставник од Министерството за економија.

За 33-та точка немаме претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, нема претставник од екологија.

Колеги пратеници тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,55 часот).